САМОЕВАЛУАЦИЈА

на училиштето

за период од

2020/2022 год

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА....2
1. ТИМ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА....3
2. РАБОТНИ ТИМОВИ ПО ПОДРАЧЈА ВО РАМКИТЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА....4
3. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата....5
4. Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата....8
5. Подрачје 1: Наставни планови и програми....9
6. Подрачје 2: Постигања на учениците....48
7. Подрачје 3: Учење и настава....90
8. Подрачје 4: Поддршка на учениците....109
9. Подрачје 5: Училишна клима....152
10. Подрачје 6 - Ресурси....188
11. Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика....211

1. ТИМ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Согласно член 129 од Законот за основно образование и одлуката на Училишениот одбор одржан на ден 16.05.2022 година, директорот на ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ – Скопје донесе одлука за назначување членови за спроведување на самоевалуацијата за учебните 2020/2021 и 2021/2022 година.

За членови на комисијата се именувани:

- Бобан Спасенцовски – директор
- Даниела Андоновска – психолог
- Наташа Ангеловска – дефектолог
- Јелена Јурхар- предметен наставник
- Оливера Димовска- предметен наставник
- Соња Кузмановска- предметен наставник
- Ирина Симоновска-одделенски наставник
- Марија Гочева- предметен наставник
- Климентина Ѓоршовска- одделенски наставник
- Александра јаковчевска-стручен соработник

- Маја Зориќ- родител

2. РАБОТНИ ТИМОВИ ПО ПОДРАЧЈА ВО РАМКИТЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ **Јелена Јурхар**, Наташа Ангеловска, Даниела Андоновска	***2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*** **Оливера Димовска**, Бисера Младеновска, Наташа Илиевска	***3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА*** **Соња Кузмановска**,Николина Кузмановиќ,Даниела Смилковска
4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ **Ирина Бошковска**,Билјана Станоевска, Тања Тодорова,	***5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО*** **Марија Гочева**,Тодорка Стојчевска,Љубинка Танеска	***6. РЕСУРСИ*** **Килиментина Ѓоршовска**,Марија Србиновска,Дарко Костадиновски
	7.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА **Александра Јаковчевска,Маја Зориќ**,Мирсада Бакиќ , Анета Нолева	

3. ПОДРАЧЈА НА ВРЕДНУВАЊЕ, ИНДИКАТОРИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е:

- Да се согледаат условите во кои училиштето работи;

-Да се согледаат процесите кои се одвиваат во него;

-Да се согледаат резултатите и постигнувањата на училиштето.

Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикатори за квалитет

ПОДРАЧЈА НА ВРЕДНУВАЊЕ	ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ
1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ	1.1 Реализација на наставните планови и програми 1.2 Квалитет на наставните планови и програми 1.3 Воннаставни активности
2. ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ	2.1 Постигања на учениците 2.2 Задржување/осипување на учениците 2.3 Повторување на учениците учениците
3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА	3.1 Планирање на наставниците 3.2 Наставен процес 3.3 Искуства на ученицит од учењето

	3.4 Задоволувања на потребите на учениците од наставата 3.5 Оценување како дел од наставата 3.6 Известување за напредокот на учениците
4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ	4.1 Севкупна грижа за учениците 4.2 Здравје 4.3 Советодавна помош 4.4 Следење на напредокот
5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО	5.1 Училишна клима и односи во училиштето 5.2 Промовирање на постигањата 5.3 Еднаквост и правичност 5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница
6. РЕСУРСИ	6.1 Сместување и просторни капацитети 6.2 Наставни средства и материјали 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар 6.5 Финансиско работење во училиштето
7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА	7.1 Управување и раководење со училиштето 7.2 Цели и креирање на училишната политика 7.3 Развојно планирање

4. ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ КОИ СЕ КОРИСТЕНИ ВО САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

ТЕХНИКИ	ИНСТРУМЕНТИ
НАБЉУДУВАЊЕ	СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА
АНКЕТИРАЊЕ	АНКЕТИ, ПРАШАЛНИЦИ
ИНТЕРВЈУ	ИНДИВИДУАЛНИ РАЗГОВОРИ
АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ	ЧЕК ЛИСТИ

5. Подрачје 1: Наставни планови и програми

Оддели во рамките на подрачјето:

1.1 Организација на наставните планови и програми

- Применувани наставни планови и програми
- Информираност на родителите и учениците за наставните планови програми
- Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби
- Избор на наставни предмети
- Реализација на проширени програми

1.2 Квалитет на наставните планови и програми

- Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала
- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала
- Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието
- Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми

1.3 Воннаставни активности

- Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности
- Опфатеност на учениците со воннаставните активности
- Влкученост на учениците во изборот и планирањето на работата на воннаставните активности
- Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

Прегледани документи	Добиени информации
1.1. Организација на наставните планови и програми Наставни планови и програми одобрени од МОН Годишни глобални и тематски планирања на наставниците Дневни планирања на наставниците Годишна програма за работа на училиштето Дневници за работа на паралелките Записници од родителски совет Анкетни прашалници за избор на наставни предмети и проектни активности	**Применувани наставни планови и програми** Воспитно- образовната работа во училиштето се остварува според наставни планови и програми за основно образование и средно стручно образование (структуирани според општиот државен курикулум за реформирано средно стручно образобание и обука) сообразени за ученици со оштетен вид, одобрени од МОН.Вака концепирани наставни планови и програми, како и нивната структура се определени од општата цел на реформираното стручно образование и обука, а тоа е да им се понуди на сите запишани ученици можност да се здобијат со стручна квалификација потребна на пазарот на трудот и можност за продолжување на нивното образование. Измени во наставните планови и програми има само во прво и четврто одделение според новата концепција за основно образование од учебната 2021/2022 год. Наставните планови и програми, училиштето целосно ги реализира. Истите се прилагодени за учениците со оштетен вид, и секој наставник има одредена слобода за менување на содржините, но тоа не смее да влијае врз квалитетот на стекнатите знаења, умеења вештини и навики Секој наставник наставата ја изведува во целост според одобрената програма и вопропишаниот обем. Наставниците редовно и навремено изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања на наставата, во што имаат целосна поддршка од стручните соработници во училиштето. Ова имплицира на тоа дека учениците: • ќе можат оптимално да ги развиваат своите способности,својата личност,творештво и талентираноста; • ќе можат да се образуваат до она ниво до кое ќе сакаат и имаат способност да

Анкетни прашалници за наставници, родители и ученици	стигнат; • ќе бидат воспитани и подготвени како конструктивни и демократски граѓани одговорни за лично и општествено живеење, за трпеливост, толерантност, за мир и меѓусебно разбирањe; • ќе бидат подговени за иницијативност и креативност и за брзо и соодветно реагирање на промените; • ќе бидат подготвени да учат низ целиот живот; • ќе бидат подготвени за вклучување на работа во соодветни фирми кои функционираат според условите на пазарното стопанство; Секако дека училиштето треба да ги следи севкупните промени во општеството, посебно во делот на стручните предмети.Учениците добиваат диплома за завршено тригодишно средно стручно образование од Графичка и Сообраќајна струка, и со четиригодишно средно стручно образование од Здравствена струка, како и уверение за работно оспособување од Графичка струка, во траење од две години. **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми** Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми. Информирање на родителите за наставните планови и програми се прави на родителска средба, која се одржува на почетокот на учебната година. Секој наставник на воведните часови ги информира учениците за содржините и целите на наставната програма по својот предмет. За реализацијата на наставните планови и програми родителите се информираат и на состаноците на Советот на родители.

	Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби Нашето училиште е училиште за деца со оштетување на видот (слепи и слабовидни). Во училиштето се запишуваат и ученици со комбинирани пречки, хронични болести, образовни и емоционални потешкотии. За успешна инклузија на овие ученици со дополнителни едукативни потреби се изготвуваат годишен,тематски и дневен индивидуален образовен план. Училиштето има изготвено Интерна процедура за ИОП и програма за успешна инклузија на учениците со дополнителни едукативни потреби. Првата цел на оваа програма се однесува на идентификација на ученици со дополнителни едукативни потреби и емоционални потешкотии со цел успешна инклузија на овие ученици во следење на редовната адаптирана програма за нашето училиште. Во училиштето се реализира индивидуална настава по предметот Ориентација и мобилност во простор, со верифициран наставен план и програма од МОН. Програмата е организирана во соодветни нивоа и подрачја, со претходно изработена индивидуална програма за секој ученик.Претходно се врши целосна опсервација на ученикот, тестирање и утврдување на визуелниот статус. Реализацијата на овој предмет е од особено значење за слепите деца. **Избор на наставни предмети** Училиштето ги почитува правата на учениците за избор на наставни предмети и ги спроведува прописите во целост. Учениците избираат наставни предмети според наставен план и програма добиени од МОН, по претходно информирање на родителите за понудените изборни предмети на родителска средба и со помош на анкетни прашалници. Врз основа на одговорите на анкетните прашалници, се врши избор на изборните предмети. Училиштето ги задоволува желбите и интересите на учениците, бидејќи нуди повеќе изборни предмети.

	Реализација на проширени програми Во училиштето функционира продолжен дневен престој за ученици од I до V одд. кои се згрижени од дефектолог- воспитувач после наставата. За време на продолжениот престој учениците пишуваат домашни задачи, учествуваат во различни активности и сл. За ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, кои отсуствувале од наставата и/или на барање на ученикот или родителот/старателот во училиштето се реализира дополнителна настава. Додатна настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Во неа учениците се вклучуваат по сопствена желба. Во училиштето се реализираат и други проширени програми според можностите и потребите на учениците. При реализација на проектните активности, најчесто се обработуваат теми од областа на екологијата, меѓуетничка интеграција во образованието, претприемништво, и бизнис и кариерен развој. Во училиштето образованието за болести на зависност, репродуктивно здравје и полово преносливи болести, се реализира преку наставните содржини по одредени наставни предмети, како и на одделенските часови. Многупати учениците учествуваат и на едукативни работилници организирани од Црвениот крст на град Скопје на наведените тематики
1.2. Квалитет на наставните планови и програми Годишни глобални и тематски планирања на наставниците	**Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала** Од аспект на квалитетот на наставните планови и програми училиштето им дава потполна поддршка на наставниците за нивно подготвување и осовременување. Со учество на семинари, обуки и други форми на стручна надградба и усовршување од

Извештаи и материјали од работата на стручните активи Разговор со стручна служба- психолог, педагог Анкетни прашалници за наставници, родители и ученици	една страна, како и со можност за користење на одредени материјални и технички ресурси, наставниците се постојано мотивирани да даваат полн придонес во реализирањето и подобрувањето на квалитетот на програмите. Наставниците кои предаваат наставни предмети од стручното подрачје имаат непречени можности за интегриран пристап при реализирањето на содржините од различни предмети. Ваквиот пристап особено е корисен при реализирање на содржините од теоретскиот дел на стручните предмети и практичната настава. Во училиштето учат ученици од различен пол и различно етничко потекло. Начелата за родова и етничка припадност во целост се почитуваат. Во училиштето нема меѓуетнички конфликти. Наставните планови и програми придонесуваат за личниот и општествениот развој на учениците. Содржини за човековите права и слободи се обработуваат на одделенските часови, како и на часовите по одредени наставни предмети. Училиштето преку своите формални органи прибира мислења од родителите, во врска со наставните програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализмот и родовата рамноправност Во наставните програми и учебните помагала треба да бидат вградени повеќе содржини и активности за негување на меѓуетничката интеграција во образованието. **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала** Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците. Стекнатите знаења, вештини и искуства со совладувањето на содржините од наставните програми многу го помагаат личниот и општесвениот развој на учениците без оглед на полот, етничкото или религиозното потекло. Напорите со кои се

	соочуваат учениците при учењето, подготвувањето на домашните задачи, писмени задачи и други форми на учење им наметнуваат потреба од соработка, договарање, толеранција, и им даваат поголема самодоверба. Наставниците ги прилагодуваат наставните програми и наставните помагала со потребите на локалната средина преку одбележување на значајни датуми, заеднички манифестации, соработка со други училишта, посети на институции како театри, музеи, културни манифестации и др. Училиштето соработува со општина Кисела Вода и град Скопје за реализација на еколошката програма на локално ниво. Во програмите на наставниците се интегрирани еколошки теми и тие во текот на учебната година повеќе пати реализираат теми со еко содржини. Со примената на еко стандардите се развива еколошката свест кај учениците. Училиштето соработува и со локалните претпријатија во кои се вработуваат лица со попреченост од соодветните струки, како и со здравствени институции во кои учениците ја извршуваат својата практична настава и усовршување, кои воедно претставуваат потенцијал за нивно вработување Една од карактеристиките на локалната средина се и невладините организации, со кои нашето училиште реализира низа активности. Интензивната соработка со Црвениот крст на РМ резултираше со потпишување на Меморандум за соработка помеѓу двете институции и план за понатамошните заеднички активности. **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието** Во училиштето има разработено насоки за вградување на општите и меѓупредметните цели на образованието во наставните програми (развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество) и истите во целост се почитуваат од страна на наставниците. Во планот и програмата за работа на класните часови планирани се содржини од

	областа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, се дискутира за успех, редовност, дисциплина, екологија и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст. **Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми** Теоретски постојат можности учениците и родителите да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми со доставување предлози и мислења преку ученичките заедници, советот на родители или Училишниот одбор, но во пракса нивното влијание е мало или незначително. Наставниците пак кои непосредно ги реализираат наставните планови и програми, секогаш кога ќе согледаат дека некои содржини се неприфатливи за учениците, а други пак им се потребни, со свои предлози до Наставничкиот совет и до предметните советници во БРО можат да влијаат врз реализацијата на наставните планови и програми.. Кај наставниците и родителите нема доволно иницијатива за поднесување на барања до БРО/МОН за измени или дополнување на наставните планови и програми. Врз подобрување на реализацијата на наставните програми наставниците применуваат современи методи и техники на работа (интерактивна настава, примена на ИКТ во наставата и сл.)
1.3. Воннаставни активности Анкетни листови за наставници, ученици и родители Планови и програми за работа на слободните ученички активности	**Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности** Во рамките на Годишната програма за работа во училиштето се реализираат повеќе воннаставни активности. Преку воннаставните активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Во воннаставните активности се вклучени сите ученици, без оглед на пол, етничка или социјална припадност. Нашето училиште нуди и реализира разновидни воннаставни активности за учениците: културно-уметничка секција, драмско-рецитаторска и литературна секција, домаќинска секција, шаховска секција , еколошка секција, училишен спорт и др. Исто така училиштето организира посети на саеми, културни, спортски и други манифестации за кои учениците прејавуваат голем интерес и задоволство. Покрај ваквата соработка, учениците од нашето училиште учествуваат во различни

	содржини при одбележување на патроните празници на основните и средните училишта од локалното опкружување, како и при годишните средби на ученичките домови од Р.Македонија, со што се создадени можности за меѓусебно запознавање и комуникација, како и совладување и отстранување на бариерите меѓу учениците со посебни потреби и учениците од општата популација. Реализацијата на воннаставните активности, добиените пофалници и дипломи за нивните постигнувања, изработените и подарени уметнички творби и предмети, остварените дружења и пријателства, ја зголемуваат самодовербата на учениците, создаваат чувство на задоволство и лична среќа и ги мотивираат за понатамошен развој. Целта на здравствената и физичка култура е изградување на зрела личност, треба да се развива и формира свеста кај учениците, за здравјето како основен извор за среќата на човекот. Посебно внимание се посветува на хигиенските услови и естетскиот изглед на училишните простории и училишниот двор. Ученичките екскурзии претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења на учениците. Заедницата на учениците е значаен сегмент во организацијата на животот и работата воа училиштето. Преку нив учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараат, заземаат ставови и донесуваат одлуки за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата во училиштето. Целта на училишните заедници е поуспешно учество на учениците во воспитно-образовната работа и постигање на што подобри резултати. **Опфатеност на учениците со воннаставните активности** Најголем број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка и социјална припадност. **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата на воннаставните активности**

	Учениците во воннаставните активности се вклучуваат по сопствен избор. Учениците имаат значајна улога при планирањето на работата на воннаставните активности. На овој начин, се поттикнува креативноста и самостојноста на учениците, а воедно се создаваат навики за правилно користење на слободното време. **Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности** За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат добри резултати и покажуваат зголемен интерес за оделни научни и наставни содржини се организира додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одредени предмети и подрачја. Предметните наставници изготвуваат распоред со однапред изготвени распределенија и ги запознаваат учениците со содржините и распоредот уште на почетокот на учебната година. Додатна настава се одржува и за учениците од завршните години како подготовка за Државна матура или завршен испит. За ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците, според условите во училиштето ќе се настојува да се обезбедат просторни и организациони услови за реализирање на слободните активности. **Учениците самостојно да ги избираат содржините и активностите.** Учениците со поддршка на наставниците работат на проекти, учествуваат на разни натпревари и манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално,национално или на меѓународно ниво. Постигнувањата на учениците и на училиштето се промовираат преку Фејсбук страната на училиштето, учество во ТВ емисии и сл. ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОННАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ во 2020-2021

	и2021-2022 год Слободни ученички активности 2020/2021 год Работата на слободните ученички активности се изведуваше според однапред изготвени годишни планови и акциски програми од страна на одговорните наставници кои раководат со секциите. За дополнување и проширување на знаењата и способностите на учениците во училиштето работеа следните секции: драмско рецитаторска, музичка, шаховска, домаќинска и еколошка секција. 1. Драмско-рецитаторска и литературна секција – одговорни наставници Наталија Маневска, Марија Гочева, 2. Домаќинска секција/оспособување за секојденевни животни вештини – одговорни наставници : Марија Србиноска,Мери Свидерска-Јовановска,Дарија Алтанџиева,Мирсада Бакиќ. 3. Шаховска секција - одговорен наставник Мирсада Бакиќ 4. Еколошка секција - одговорни наставници – Мартина Димковска, Невенка Котевска 5. Музичка секција – одговорни наставници – Маријан Периќ, Надица Јовановска, Мирсада Бакиќ . 1. Драмско-рецитаторската и литературна секција во тековната година започна да работи од октомври месец. На самиот почеток активностите се реализираа со физчко присуство на учениците. Од ноември месец дел од учениците беа он лине и активностите се реализираа на таков начин. Со оглед на новонастанатата ситуација со КОВИД 19, активностите се реализираа според предвидениот план и програма (1 час неделно, 4 часа месечно и 32 часа годишно). И без оглед на потешкотиите учениците успеаа да ја реализираат истата.

	Во рамките на оваа секција работи и литературната секција. Во неа учениците преку своите творби (песни и раскази) ги изразуваат своите креативни способности. 2. Врз основа на програмата за работа на домаќинската секција за учебната 2020/2021 година се предвидени вкупно 36 часа еднаш во текот на неделата. Во домаќинската секција членуваат ученици од основно и средно образование. Програмските подрачја кои се обработуваа во рамките на домаќинската секција за учебната 2020/2021 година се : 1. Храна 2. Облека и обувки 3. Дом 4. Правилна исхрана 2. Правилно чување на зеленчук и овошје 3. Правилно чување на млеко и млечни производи 4. Правилно чување на месо 5. Замрзнување на храна 6. Запознавање со прибор за сечење и лупење 7. Употреба на прибор 8. Поставување на маса 9. Однесување на маса 10. Подготовска на овошна салата

	11. Подготовка на салата од зеленчук 12. Подготовка на смеса 13. Подготовка на торти и слатки Преку методи на разговор, објаснување и демонстрација одговорните наставници ги обработуваа горе наведените подрачја. Според возраста на секој од учениците индивидуално приоѓаа и материјата ја доближуваа според нивните можности. Активностите се реализираа без одредени потешкотии, истите поголемиот дел од учениците од погорните одделенија ги совладуваа без одредени потешкотии, додека учениците од одделенската настава добиваа помош од одговорните наставници. Активностите продолжија во иста насока и во второто полугодие и истите са реализираа онлајн. 3. Во оваа учебна година во шаховската секција се вклучени 7 ученици од кои 4 се женски и 3 машки. Шаховската секција се одржува и реализира по предвидена програма. Програмата се состои од: • Изучување на шаховски правила; • Повеќе видови отварања; • Редовни вежби. Според програмата на шаховската секција предвидени се 1 час неделно т.е. 4 часа месечно. Во ова година поради пандемијата со COVID-19 дел од часовите се одржаа со физичко присуство а дел он-лајн. 4.Според предходно изработениот план на активности на еко-одборот за учебната

	2020/21 година се реализирани следниве актиности: • Интегрирање на Еколошки теми во наставната програма . разновидни наставни предмети • Подготовка на еко-катче и поставување на Еко-огласна табла. • Разгледуваање и дискусија на извештаите од работата на еко-патролите. • Едукација на учениците за здрава животна средина. • Изработка на креативни пораки за заштита на животната средина. уредување на училишните ходници и училници • Еко -акција за есенско расчистување на училишниот двор. • Одбележување на светскиот ден на храната, и изработка на креативни пораки за здрава храна. • Еко-игри со кои се едуцираа учениците за екологијата. • Еко-квиз • Интегрирање на Еколошки теми во наставната програма Наставниците во своите планирања (во зависност од предметот и одделението во кое предаваат) целосно ги реализираа предвидените содржини од деветте еколошки теми. Сето тоа се планира и реализира со цел за збогатување на постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Во рамките на Интеграција на екологија во образованието по предметот биологија успешно се реализирани часовите со планираните Еко содржини и предложените Еко теми. Дел од реализираните содржините се ,,Храна и значење на исхрана во организмот,, ,,Заштита од аномалии и болести на органите за дигестија,, итн,

	5. Музичка секција На почетокот на оваа учебна година, се оддржа аудиција за прием на нови членови во музичката секција на нашето училиште. По направената аудиција се формираше истата во која учествуваат 10 ученици. Работата на музичката секција во учебната 2020/2021 и 2021/2022 год се реализира со 1 час неделно, 4 часа месечно или 32 часа годишно. Наставата на почетокот на 2020/2021 го започна со физичко присуство но подоцна истата продолжи да се одвива онлајн се до завршувањето на првото полугодие. Мораме да напоменам дека имавме одредени проблеми кај поедини ученици во реализацијата на онлајн наставата поради оштетеноста на видот, но истите успеавме да ги надминеме. Програмата беше успешно реализирана. Учениците беа редовни со своето присуство на часовите. На 14 декември беше организирано снимање за заеднички онлајн концерт на училиштата ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ – Скопје, ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ – Скопје и ПОУ „Др. Златан Сремец“ – Скопје на кои земаа учество двајца наши ученици кои се членови на музичката секција Филип Величковски и Аљдин Мурати. Ученички активности и натпревари 15 октомври 2020 и 2021 година- Одбележување на Денот на белиот стап. Во нашето училиште се организираше скромна активност со почитување на протоколите за заштита од Корона вирусот. Активноста се одржа во дворот на училиштео каде што нашите ученици играа шах со наставници и родители. Ноември.2020 .- Патронен празник. Приредбата поради пандемијата се одржа во училишниот двор по протокол за заштита од Ковид-19. Во овие активности земаа учество одреден број ученици, во кои нивните креативни способности дојдоа до

	израз. Декември 2020 и 2021 год- Новогодишно уредување на училиштето Во нашето училиште се организираше активност на новогодишно уредување на училиштето во која беа вклучени учениците со запазување на мерките за заштита од Корона вирусот. Учебна 2021-2022 Реализирани активности: Работилница Кулбови за демократско учество организирана од Младински образовен форум МОФ се одржуваше еднаш неделно (секој четврток) од 16 до 18 часот во текот на цело прво полугодие, односно заклучно со 15 декемрври. Ова полугодие се реализирани слободни активности: Читање на книги / дискусии Стимулативни вежби Квиз за англиски јазик Развивање на правилни морални вредности: Дискриминација, слобода, хуманост, морал Развивање на работни навики Тимот за соработка со родителите Активност: Изработка на акционен план за соработка со родителите Време на реализација: 23.08.2021 Носители на активноста: тимот за соработка со родителите

	На почетокот од новата учебна година се изработи нов акционен план за соработка со родителите. Се направи анализа на активностите од претходната година и се земаа во предвид позитивните и негативните резултати од истите. Исто така беше разгледана и новата ситуација од состојбата со Корона вирусот кој реално ја отежнува реализацијата на активностите. Беа донесени предлози од членовите на тимот и се одбраа најадекватните за родителите и училиштето. Беше заклучено дека најголем бенефит од овие активности сепак треба да имаат учениците. Беше договорено дека активностите ќе се реализираат во согласност со протоколите за заштита од Корона вирусот и дека истите може и да се изменат надвор од планираните активности доколку за тоа има потреба. Активност: Запознавање на родителите со протоколите во училиштето за заштита на учениците од Корона вирусот Време на реализација: 2.09. 2021 Носители на активноста: тимот за соработка со родителите, класни и одделенски раководители Беше реализирана активност со која родителите беа информирани за протоколите за заштита на учениците од Корона вирусот. Во соработка соструччната служба беа испечатени материјали за родителите. Секој класен раководител по електронски пат ги информираа родителите за протоколите за заштита. На родителите им беше побарано да се согласат како нивните деца ќе ја следат наставата како настава со физичко присуство или настава од далечина за учениците со здравствени потешкотии. Тековно се реализираа и индивидуални разговори и советувања на родителите за заштита на учениците. Активност: Одбележување на денот на здравата храна Време на реализација: 12.10. 2021 Носители на активноста: тимот за соработка со родителите

	Беше реализирана активност со која родителите придонесоа да се запознаат учениците со здравите природни плодови на есента. Целта беше учениците да се запознаат со зеленчукот и овошјето кое го има вогодишното време есен. Родителите донесоа различни видовиплодови и истите беа декоративно претставени во холот на училиштето. Учениците можеа преку своите сетила тактилно, олфакторно и густативно да ги запознаат есенските плодови на нашето поднебје: тиква, мушмули, калинки, лешници, бадеми, костени, желади, шипки, див глок итн.. Учениците со своите наставници и поддршката од родителите дознаваа информации за нивните хранливи вредности. Ученикот од прво одделение самоиницијативно со подршка на семејството изработи своја ликовна творба – модел на дрво која беше истакната на училишната изложба. Учениците со свои творби учествуваа во есенското естетско уредување на училиштето. Оваа активност помина во пријатна атмосвера со збогатување на искуството на учениците во благодетите на есента. Активност: Одбележување на денот на здравата храна Време на реализација: Октомври Носители на активноста: тимот за соработка со родителите Тековно во текот на месецот Октомври родителите беа вклучени во естетско уредување на холот на училиштето. Оваа активност произлезе спонтано од потребата за есенска декорација на училиштето, содржините кои се работат во одделенската настава. Со помош на колешката Ивана Андрејиќ од графичката струка која наслика есенски плодови и животни, се изнајде начин за нивно релјефно претставување. Родителите со помош на течен силикон ги поминуваа контурите на сите слики, цртежи кои потоа добија релјефен облик и беа достапни до учениците. Во оваа активност свој придонес даде и неговател Коцева андреа која со своите декоративни творби придонесе за збогатување на естетиката во училиштето. Оваа активност придонесе за збогатување на претставите кај учениците за

	годишното време есен и промените во природата. Активност: Одбележување на Патрониот празник Време на реализација: 08.11.2021 Носители на активноста: тимот за соработка со родителите Родителите беа вклучени во активности за изработка на декорации и маски за потребите на учениците.Беа изработувани апликации со видно и релјефно претставување на интерпункциските знаци. Истите беа изработени од жолт и црн хамер а потоа и релјефно претставени со течен силикон. Некои родители изработија и есенски декорации од природни материјали. Дел од присутните родители беа ангажирани иза декорирање на бината и просторот во училишниот двор каде што се следеше приредбата. Приредбата помина во весела и пријатна атмосвера со многу позитивни емоции кај родителите и учениците. Активност: Есенско засадување на садници Време на реализација: 15.11.2021 Носители на активноста: тимот за соработка со родителите, наставник по физичко и здравствено образование Во соработка со родителитет беше реализирана активност на есенско засадување на садници од роза. Активноста беше насочувана од колешката Невенка Котевска која ги набави садниците. Родителите беа ангажирани околу копање на земјата а наставниците во засадувањето. Есенското засадување беше изведено во предниот дел на училишниот двор. Активност:Новогодишно уредување на училиштето Време на реализација: 3. декември 2021 год

	Носители на активноста: тимот за соработка со родителите Во нашето училиште се организираше активност на новогодишно уредување на училиштето во која беа вклучени и некои родители со запазување на мерките за заштита од Корона вирусот. Беше украсувана нова новогодишна елка со нови лампиони. Родителите имаа задача да ја состават новогодишната елка и да ја подготват за украсување. Подготовките тие ги правеа во холот на училиштето. Исто така со нивна помош ученициите имаа можност тактилно да увидат колкава е височината на елката. После тоа ученициите со своите одделенски наставници и родителите продолжија да ја украсуваатсо лампиони. Севкупната ктивност помина во весела и пријатна атмосвера. Новогодишното уредување продолжи во текот и на наредните денови. Неговател Андреја коцева изработи и постави во холотреквизити и предмети кои уште поблиску ја доловија празничната атмосвера. Таа заедно со ученициите од интернатот украсија новогодишна елка и на таа локација. Наставник Невенка Котевска во средното училиште реализираше активност на новогодишно уредување заедно со родителите на средношколците. Таму покрај лампиони беа користени изработки на родителите кои го надополнуваа естетското празнично уредување. ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОННАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ 2021/2022 Слободни ученички активности Работата на слободните ученички активности се изведуваше според однапред изготвени годишни планови и акциски програми од страна на одговорните наставници кои раководат со секциите. За дополнувањеи проширување на знаењата и способностите на ученициите во училиште работеа следните секции: драмско рецитаторска, музичка, шаховска, домаќинска, еколошка и спортска секција.

	1. Драмско-рецитаторска и литературна секција – одговорен наставник Марија Гочева. 2. Домаќинска секција/оспособување за секојденевни животни вештини – одговорен наставник : Николина К. 3. Шаховска секција - одговорен наставник Мирсада Бакиќ. 4. Еколошка секција - одговорен наставник – Соња Кузмановска. 5. Музичка секција – одговорен наставник – Маријан Периќ. 6. Спотрска секција – одговорен наставник – Дарко костадиновски 1. Драмско-рецитаторската секција при ДУРДМОВ “Димитар Влахов” се реализира со еден час неделно, во среда од 13:15 до 14 часот. Својата активност ја остварува според претходно изготвен годишен план. Целите на драмско-рецитаторската секција се да се запознаат учениците со природата да драмскиот и рецитаторскиот израз, да развиваат позитивен однос кон обврските, да им помогне на надарените ученици во развивање говорни и изразни способности и вештини, мечтаење и креативност, но и чувство на самодоверба, почитување на туѓото мислење преку тимска работа и развивање на чувство за припадност на заедница. Ментори на драмско-рецитаторската секција се: Наталија Маневска – наставник по македонски јазик и Марија Гочева – наставник по македонски јазик. Членови на драмско-рецитаторската секција се: 1. Давид Стојадиновски 2. Џан Ислами 3. Рафиз Таири 4. Максим Стојановски 5. Меланија Сусинова 6. Самир Мусиќ 7. Ана Анчевска 8. Ајлин Шаќири 9. Никол Зориќ 10. Елхана Максутоска 11. Јована Трајчевска 12. Лука Јовановски 13. Михаил Тимчевски 14. Тина Јакимовска Во периодот од септември до декември се реализирани следните активности: Реден број Датум на реализација Активност Број на присутни ученици

	1 15.09.2021 Запознавање на членовите на секцијата со програмата за работа 14 2 22.09.2021 Изразно рецитирање на творби за есента 14 3 29.09.2021 Вежби за изразно рецитирање и развивање на дикција 14 4 06.10.2021 Читање поезија со патриотски мотиви од македонски поети 14 5 13.10.2021 Читање на текстот „Правописни знаци“ 14 6 20.10.2021 Вежби за изразно рецитирање на рециталот „Правописни знаци“ 14 7 27.10.2021 Подготовки за патронен празн 14 8 03.11.2021 Генерална проба за патронен празник 14 9 10.11.2021 Изразно рецитирање на песни за доцна есен 14 10 17.11.2021 Читање раскази за доцна есен 14 11 24.11.2021 Вежби за уметничко изразување на даден текст 14 12 05.12.2021 Творби на тема „Зимски доживувања 14 13 12.12.2021 Вежби за рецитирање и подобрување на дикцијата кај учениците 14 14 19.12.2021 Создавање творби со новогодишни пораки и желби 14 15 26.12.2021 Осврт на постигнатите резултати од првото полугодие 14 2. Врз основа на програмата за работа на домаќинската секција за учебната 2021/2022 година се предвидени вкупно 36 часа еднаш во текот на неделата. Во домаќинската секција членуваат ученици од основно и средно образование.

	Програмските подрачја кои се обработуваа во рамките на домаќинската секција за учебната 2021/2022 година се : 1. Храна 2. Облека и обувки 3. Дом Според програмата за месеците Септември,Октомври,Ноември и Декември се обработување темата храна во следниве области: 1. Правилна исхрана 2. Правилно чување на зеленчук и овошје 3. Правилно чување на млеко и млечни производи 4. Правилно чување на месо 5. Замрзнување на храна 6. Запознавање со прибор за сечење и лупење 7. Употреба на прибор 8. Поставување на маса 9. Однесување на маса 10. Подготовска на овошна салата 11. Подготовка на салата од зеленчук 12. Подготовка на тесто 13. Подготовка на торти и слатки

	Во подготовка на тесто во текот на првото полугодие учениците заедно со одговорните наставници подготвија кифли. Преку методи на разговор, објаснување и демонстрација одговорните наставници ги обработуваа горе наведените подрачја. Според возраста на секој од учениците индивидуално приоѓаа и материјата ја доближуваа според нивните можности. Активностите се реализираа без одредени потешкотии,истите поголемиот дел од учениците од погорните одделенија ги совладуваа без одредени потешкотии,додека учениците од одделенската настава добиваа помош од одговорните наставници. 3. Во оваа учебна година во шаховската секција се вклучени 8 ученици од кои 4 се женски и 4 машки: Кристијан Тодоровски Туцо, Мите Гулев, Давид Донев, Валентина Донева, Јована Трајчевска, Јагода Митковска, Аница Донева. Шаховската секција се одржува и реализира по предвидена програма. Програмата се состои од: • Изучување на шаховски правила; • Повеќе видови отварања; • Шаховски турнири; • Редовни вежби. Според програмата на шаховската секција предвидени се 1 час неделно т.е. 4 часа месечно. Ова полигодие беа реализирани вкупно 17 часа, со што секој од тие часови, заради интересот на учениците беа одржувани како блок часови. Во ова полугодие беа одржани шаховски турнири: o По повод Белиот Стап 15-ти Октомври на кои учествуваа ученици, наставници и родители o Ученичката Јована Трајчевска беше поканета од страна на претседателот

	Стево Пендаровски и учествуваше на Шаховски натпревар од ревијален карактер се одвиваше на 2 шаховски табли на кои учествуваа шаховски велемајстор Роландо Кутиров, нашата Јована Трајчевска и Марко Зафиров младински првак. Програмата за прво полугодие е во целост реализирана. 4. Според предходно изработениот план на активности на еко-одборот за учебната 2021/22година се реализирани следниве актиности: • Интегрирање на Еколошки теми во наставната програма . разновидни наставни предмети • Подготовка на еко-катче и поставување на Еко-огласна табла. • Разгледуваање и дискусија на извештаите од работата на еко-патролите. • Едукација на учениците за здрава животна средина. • Изработка на креативни пораки за заштита на животната средина. уредување на училишните ходници и училници • Еко -акција “Градиме здрава, зелена и безбедна иднина”. • Одбележување на светскиот ден на храната, и изработка на креативни пораки за здрава храна. Наставниците во своите планирања (во зависност од предметот и одделението во кое предаваат) целосно ги реализираа предвидените содржини од деветте еколошки теми. Сето тоа се планира и реализира со цел за збогатување на постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Во рамките на Интеграција на екологија во образованието по предметот биологија успешно се реализирани часовите со планираните Еко содржини и предложените Еко теми. Дел од реализираните содржините се ,,Храна и значење на исхрана во организмот,, ,,Заштита од аномалии и болести на органите за дигестија,, итн.

	5.Музичка секција Работата на музичката секција во учебната 2021/2022 се реализира со 1 час неделно,4 часа месечно или 36 часа годишно.Во првото полугодие реализиравме 15 часови. На почетокот на оваа учебна година, се одржа аудиција за прием на нови членови во музичката секција на нашето училиште.По направената аудиција се формираше истата во која учествуваат 9 ученици. Првото полугодие наставата се одвиваше со физичко присуство на учениците. Да напоменам дека учениците во музичката секција се поделени во две групи:вокална и инструментална така што часовите беа одржувани со секоја група посебно но и комбинирано.Програмата беше успешно реализирана.Учениците беа редовни,внимателни и исполнителни на часовите. Од настапите каде што земаа учество нашите ученици од секцијата би ги издвоил следниве: 25.09.2021 (12.00–13.30) Настап пред младински културен центар на проектот SS Project ,,Diferent ‘’ Валентина Донева,Јована Трајчевска,Даниел Донев,Давид Донев и Аљдин Мурати 24.12.2021 (18.00–19.00) Настап на новогодишен базар во Рамстор изведба на повеќе музички дела на секој ученик посебно и групен настап. Мердан Емини,Тина Јакимовска,Филип Величковски,Аљдин Мурати,Даниел Донев и

	Давид Донев. 6. СПОРТСКА СЕКЦИЈА Во првото полугодие во учебната 2021/2022 во нашата спортска секција се извршија неколку активности кои беа вклучени во годишната програма по училишен спорт. Се извршија антропометриски мерења на учениците и се одредија моторичките и функционалните способности на секој ученик поединечно. Сите овие мерења се запишани во досие на секој од учениците посебно. Исто така се доби впечаток за општиот изглед на секој ученик, а во меѓувреме се изврши и општ преглед за утврдување на некој телесен деформитет во соработка со нашите професори од здравствена струка. Во Декември нашите ученици учествуваа на меѓународен турнир во ГОЛБАЛ во Сараево, Република Босна и Херцеговина, на кој нашите ученици забележаа одличен резултат и дома се вратија со пехар за освоено Второ место и пехар за Фер плеј екипа. Исто така во Декември во нашата училишна фискултурна сала беше организиран турнир во ГОЛБАЛ, на кој земаа учество нашите ученици од основното и средното училиште но и голем дел професори. Моја желба како професор по физичко е турнирот да прерасне во меѓународен и да биде уште еден доказ за одличната работна атмосвера во нашето училиште. Работа на музичкиот актив: На почетокот на учебната година беа формирани паралелки во основното музичко образование според годината на изучување на предметите: Солфеж,Пијано,Хармоника,Камерна музика и Оркестар. Во месец Септември имавме краток состанок на кој се информиравме и ги разгледавме новините во водењето на педагошката евиденција и документација.Беше разгледано и разговарано за изборот на музички учебници и музички материјали кои ќе бидат дадени на учениците во тековната година.

	Краткорочен ИОП**–** спореч членовите на тимот, тој треба да биде имплементиран во рамките на дневната подготовка, при што во делот за евалуација како забелешка ќе бидат истакнати диференцираните цели предвидени со среднорочниот ИОП за тој час. Согласно на ова изработени се унифицирани примероци за пишување на долгорочен и среднорочен ИОП; унифицирана изјава за согласност од родител како и насоки за изработка на ИОП. Во учебната 2020 / 2021година се изготвува ИОП за 7 ученика од страна на одделенскиот раководител и критериуми за оценување според ИОП. Во учебната 2021 / 2022 година, се изготвува ИОП за четири ученика, 6 ученика. Индивидуалната образовна програма ја изготвуваат одделенскиот раководител и психологот, во соработка со родителот. Воспитно – образовниот кадар со надарените и талентираните ученици има цел активирање и развивање на интересот на учениците во различни области, инсистирање на нивно редовно вклучување во додатна настава и задавање на активности и задачи од високо ниво и во редовната настава и во додатната настава, промовирање на ликовните и личните творби преку нивно изложување на јавни места во училиштето, на јавни настапи надвор и во училиштето, посета на изложби, подготовки за натпревари, драматизации, литературни конкурси, музички натпревари, хепенинзи, натпревари во шах на државно и балканско ниво преку сојузите на слепи,подготвка и учество на голбал натпревари.Учениците учествуваа на различни манифестаци и натпревари.

	2.1.4. Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната, дополнителната и додатна настава Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршување на основното и средното образование. Од страна на стручната служба се анализираат овие постигнувања и доколку се јават разлики се бараат и анализираат причините за ваквата појава и се препорачуваат активности од страна на стручната служба за нејзино надминување и подобрување. Процентот на ученици кои ја завршуваат годината е ист со оној на запишани ученици. Сите наставници имаат изготвени годишни, тематски и дневни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот (цели на часот, активности, ресурси, проверка на постигнувањата, евалуација на реализиран час). Сите наставници имаат изготвено планирања за дополнителна и додатна настава. Наставниците размануваат искуства на стручните активи. Се користат разновидни наставни форми и методи, кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Со учениците заради малиот број на ученици во паралелката има услови за индивидуална работа и развивање на индивидуалните вештини за учење на секој ученик. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование, учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и да бараат дополнителни и додатни часови. Учењето во училница, во редовната настава и во дополнителната/додатната настава е активно, динамично со работна атмосфера се со цел подобрување на постигнувањето на учениците. Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано следење на напредокот на учениците, со давање на повратни информации. Стручната служба квартално ги следи и анализира постигнувањата на сите ученици по сите нивоа и по сите предмети.

	Училиштето има пропишана процедура за следење на редовниот наствен процес, истатаредовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот и стручна служба. Дополнителната и додатната настава се реализира според потребите и можностите на учениците.

2.2 Задржување, осипување на учениците

2.2.1 Опфат на ученици

Во нашето училиште се запишуваат и учат ученици со оштетен вид од целата држава, бидејќи училиштето е единствена специјализирана установа наменета за рехабилитација и едукација на деца и младинци со оштетен вид на ниво на целата држава. Во училиштето учат и ученици кои освен оштетување на видот, имаат и дополнителни попреченості, хронични болести, образовни и емоционални потешкотии. За успешна инклузија на овие ученици со дополнителни едукативни потреби се изготвуваат годишен,тематски и дневен индивидуален образовен план. Училиштето има изготвено Интерна процедура за ИОП и програма за успешна инклузија на учениците со дополнителни едукативни потреби.

Со глед на КОВИД 19 состојбата, учениците кои следеа он лине настава постигнаа солидни резултати.

За запишување на учениците во прво одделение од основното образование и прва година од средното образование, училиштето соработува со локалните заедници и надлежните институции од целата држава

2.2.2.Редовност на учениците

- Број на изостаноци на учениците/редовност (за последните четири учебни години)

Учебна година	Основно училиште			Средно училиште		
	Оправдани изостаноци	Неоправдани изостаноци	Вкупно	Оправдани изостаноци	Неоправдани изостаноци	Вкупно

2018/2019г.	**421**	**3**	**424**	**150**	**/**	**150**
2019/2020г.	**605**	**1**	**606**	**193**	**6**	**196**
2020/2021	**453**	**/**	**453**	**95**	**/**	**95**
2021/2022	**490**	**23**	**513**	**91**	**1**	**92**

ОУ

Во учебната 2020-2021г. во ОУ направени се 486 оправдани и 0 неоправдани изостаноци, вкупно 486 изостаноци.

Во учебната година 2021-2022г. направени се 490 оправдани изостаноци и 23 неоправдан изостанок, а вкупно 513 изостаноци.

Во пртеходната самоевалуација, во учебната 2018-2019г. во ОУ направени се 421 оправдани и 3 неоправдани изостаноци, а вкупно 424 изостаноци.

Во учебната година 2019-2020г. направени се 605 оправдани изостаноци и 1 неоправдан изостанок.

Ако ги споредиме оваа и претходната самоевалуација, се забележува дека во последната учебна година зголемен е бројот на неоправдани изостаноци.

СУ

Во учебната 2020-2021г. во СУ направени се 95 оправдани изостаноци.

	Во учебна 2021-2022г., во СУ направени се 91 оправдани изостаноци и 1 неоправдан изостанок, а вкупно 92 изостаноци. Во пртеходната самоевалуација, во учебната 2018-2019г. во СУ направени се 150 оправдани изостаноци. Во учебна 2019-2020г., во СУ направени се 193 оправдани изостаноци и 6 неоправдан изостанок, а вкупно 199 изостаноци. Во споредба со претходна самоевалуација, учениците во СУ, во овие две учебни години имаат помалку изостаноци. Според овие резултати можеме да констатираме намалување на бројот на изостаноците, и на оправданите и на неоправданите изостаноци, и подобрување во однос на редовноста. ***2.2.3 Осип на ученици и премин во друго училиште*** ***ОУ*** Во учебната 2020-21год. – немаме испишан ученик. Во учебната година 2021/2022г. испишан е 1 ученик е испишан од училиштето. ***СУ*** Во средното училиште нема осипување на ученици. **2.3 Повторување на учениците** ***2.3.1. Ученици што не ја завршуваат годината***

	Во овие две учебни години сите ученици ги завршија учебните години. **2.4. Известување за напредокот на учениците** ***2.4.1. Известување на родителите за напредокот на учениците*** Родителите редовно се известуваат за напредокот на нивните деца (секојдневно со родителите кои секој ден се во училиште, по потреба со родителите чии деца се во ученичкиот интернат и се реализираатредовни родителските средби).

7. ПОДРАЧЈЕ 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

3.1. Планирање на наставниците	
Извори на податоци	Кои информации се собрани
○ Разговор со директор, педагог, психолог, наставници; ○ Записници од состаноците на стручните активи; ○ Покани за обуки и семинари ○ Извештаи од реализирани обуки ○ Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог ○ Годишни, тематски планирања и дневна подготовка; ○ План и програма за работа на родителски средби ○ Планирање на одделенски час	3.1.1 Сите наставници, пред почетокот од секоја учебна година, а со цел квалитетна реализација на наставниот план и програма изработуваат годишни глобални планирања, тематско-процесни планирања (изработени една до две седмици пред започнување на темата) и ги доставуваат до стручната служба, додека пак, во текот на годината наставниците изработуваат дневни подготовки во електронска или писмена форма. Сите наставни програми од прво одделение до 6 одделение за деветогодишно образование се адаптирани за ученици со оштетен вид. Програмите по одделните предмети за 7 и 8 одделение на осумгодишното образование не беа адаптирани за ученици со оштетен вид. Сите наставни планови и програми за средното стручно образование се адаптирани за ученици со оштетен вид.(освен програмите за сообраќајна струка, која е многу застарена, нереформирана и неприлагодена ниту за потребите за ученици со оштетен вид, ниту со модерните технолошко-технички промени) Со оглед на специфичноста на работата на нашето училиште , наставниците изготвуваат диференцирани цели и активности во тематските и дневните планирања, за учениците кои имаат потешкотии во учењето,се планира дополнителна и додатна настава и со тоа на учениците им се овозможува дополнителна помош во изучувањето на одредени предмети како и стекнување на повисоки знаења за учениците кои покажуваат интерес по одредени предмети. Училиштето за поефикасно планирање на наставата на наставниците им дава морална и материјална подршка и тоа:

○ Планирање за примена на ИКТ во наставата ○ Наставни средства и дидактички помагала за слепи и слабовидни ○ Распоред за дополнителна и додатна настава ○ Планирање на слободни ученички активности ○ Евиденција за опсервација на часови на стручна служба ○ Евиденција за тековната работа на стручна слуба ○ Писма,покани и известувања од стана на БРО за одржување на семинари и обуки ○ Писма со насоки за споведување на одредени активности од МОН ○ Записници од состаноци на стручните активи	- обезбедува Наставни планови и програми кои им се достапни на наставниците во секое време - обезбедува стручна литература, дидактички средства, современа компјутерска технологија, нагледни средства - организира едукација/дисеминација на наставниците. 3.1.2 Најмалку два пати годишно од страна на директорот и стручната служба се следат и анализираат планирањата на наставниците и дневните подготовки и дава помош и укажува како да се изготвува поквалитетна програмата. Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно и тие ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и др. Наставниците своите планирања ги изготвуваат во писмена форма, а стручната служба ги чува во портфолио.Следењето на квалитетот на планирањата го врши сручната служба и директорот на училиштето. Дел од нивните работни обврски е и поддршката што им ја даваат на наставниците за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето, за што има пропишани приоди и утврдени процедури. Поддршката доаѓа до израз кога се организираат обуки во училиштето и преку семинари. Најчесто темите се во врска планирањата и оценувањето, примена на ИКТ во наставата како и препораки и сугестии за успешно спроведување на он лајн настава. 3.1.3 Во рамките на стручните активи, разговор со колеги од колективот или од истородни предмети од други училишта, наставниците разменуваат идеи или информации за планирање на наставниот процес. Исто така се применуваат и укажувањата и насоките на советниците. 3.1.4 Распоредот на часови го изготвува наставник од училиштето, во консултации со стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките,а исто така се изработува и распоред за дополнителна и додатна настава.

3.2. Наставен процес	
Извори на податоци	**Кои информации се собрани**
• Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час • Инструмент за следење на изведбата на наставниот час; • Увид на час;	3.2.1 Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои кај учениците потикнуваат љубопитност и интересирање. Активностите на наставниците и учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот, што ќе придонесе за постигнување на очекуваните резултати. Часови имаат јасна организација и поделеност на активностите со учениците, наставниците користат добри примери и илстрации кои се поврзуваат со секојдневната пракса.Наставниците проверуваат дали учениците ги разбрале зададените прашања и упатства. При реализација на наставата ученикот е активен субјект. Домашните задачи се добро осмислени и се надоврзуваат на содржините обработени на часовите.Наставниците ги набљудуваат постигањата на учениците и бараат нивно мислење при вреднување на нивните знаења.На овој начин, наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација. 3.2.2 Наставниците ги планираат задачите и активностите кои треба да се реализираат во училиштето, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Повеќето наставници применуваат информациско комуникациска технологија во наставата согласно наставните содржини. Во својата работа, наставниците користат разновидни средства и материјали – дидактички, природни, а некои од нив, сами ги изработуваат. Наставниците изработуваат наставни средства и дидактички помагала: • дидактички материјали за слепи и слабовиди кои се користат за развој на сетилната, како и развој на фината и грубата моторика; • релјефни слики за слепи, цртежи со голем контраст без многу детали за слабовиди; • релјефни цртежи за слепи изработени на ,,swell touch,,- машина;

• Годишни, тематски, дневни планирања; • Годишна програма за работа на директор, дефектолог и психолог; • Интервјуа со наставници и ученици; • Сертификати на наставници;	• текстови напишани на Брајово писмо на браева хартија или фолија; • учебници на Брајово писмо кои нашите наставници учествуваа во адаптирање и печатење на Брајови учебници од 1 до 9 одделение • текстови за слабовиди со големи букви; • тактилни 3D модели или цртежи со подигнати линии; • Училиштето планира набавка на наставни средства за слепи: математички браеви апарати, браеви машини и други тактилни помагала. Ова е во функција на процесот на формирање на претстави, а понатаму и поими, посебно во работата со учениците во одделенска настава, за надополнување на парцијалните претстави или корекција на погрешно формираните. Како форма се користи и работа во пар, при што се зема во предвид видот и степенот на оштетување на видот на учениците кои работат заедно, и нивните едукативни способности. 3.2.3 Учениците се запознаени со целите на учењето. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, а се со цел да се подобри учењето и да се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Во своите предавања, за надополнување на знаењата на учениците, наставниците користат и дополнителни ресурси – енциклопедии, др. литература, податоци од Интернет, применуваат ИКТ во наставата. Со тоа учениците имаат можностаат да се здобијат и со практично искуство. Изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето. 3.2.4 Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори). Учениците активно учествуваат во работата на часот: истражуваат на Интернет, помагаат за материјалите за работа, соработуваат меѓу себе, взаемно си помагаат, поставуваат прашања, дискутираат, работат на зададените задачи од наставното ливче или проектна задача. Во зависност од наставниот материјал и типот на час учењето е помалку или повеќе активно и динамично Се користат различни форми на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците. Наставници редовно им даваат на учениците повратни информации при оценувањето и дискутираат за нивниот напредок и

• Наставни средства и дидактички помагала за слепи и слабовидни ученици; • Распоред за дополнителна и додатна настава	постигања. Ги охрабруваат самостојно да мислат, поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат Учениците и наставниците заеднички работат на проекти во и надвор од училиштето. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалната положба и етничката и религиска припадност. 3.2.5 Во текот на учебната година најмалку два пати во годината се врши увид на час од страна на стучната служба и директорот кај сите наставници, а потоа се вршат консултации со секој наставник се со цел да се подобри наставата.Исто така се врши посета на часови по барање и во договор со одделенските или предметните наставници. По потреба се врши опсервација на одреден сегмент од работата на наставникот или активност на учениците. Тимот за Професионален развој во текот на целата година има за задача да го следи професионаллниот развој и да ја следи реализацијата на програмата за работа на истиот. Се следат ефектите од професионалниот развој и се евидентира секој дел од реализираните работилници, обуки и слично. Тимот има за задача да го изготви и годишниот извештај за работа. Стручните активи имаат за задача да ги идентификуваат компетенциите кои е потребно да се развијат во текот на учебната година и да се направи проценка на оние компетенции кои се најдобро развиени кај наставниците од стручниот актив, од училиштето или од други училишта. Стручните активи исто така истакнуваат кои од активностите за развој на компетенциите треба да се развијат и на кој начин, односно што треба да се преземе во текот на годината во врска со нивниот развој. Во овој дел треба да се обрати внимание и на планот за личен развој на наставниците.

3.3 Искуства на учениците од учењето	
Извори на податоци	**Кои информации се собрани**
• Прашалник за ученици	**3**.3.1 Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Учениците сакаат да одат во училиште,часовите им се

• Програма за работа на Ученички дом • Програма за работа на слободни ученички активности- секции • Годишна програма на училиштето • Прашалник за родители • Прашалник за наставници • Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците • Кодекс на однесување	интересни и се чуствуваат задоволно.Постои взаемна почит помеѓу наставниот кадар и учениците. Училишен простор е естетски уреден.Визуелниот материјал и пишаните содржини во него доволно го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Р.С. Македонија. Во работата со учениците се користат општи и специфични нагледни средства и помагала: Брајови машини, комјутери со говорен читач на екран (Jaws, NVDA), браева литература, браеви учебници**.** За подобрување и задоволување на техничките услови за учењето училиштето има набавено или обезбедено математички браеви апарати, браеви машини, компјутери со соодветен софтвер за пристапност на слепи и слбовиди ученици. Набавени се апарати за физикална терапија за потребите на практичната настава во здравствената струка. Опремена е и работилницата за практична настава за графичка струка со некои потребни апарати и машини. Училишната библиотека е опремена со аудио-визуелна опрема. 3.3.2 Повеќето ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен. Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот наставникот ги советува редовно да посетуваат дополнителна настава,додека пак талентираните и надарените ученици ги потикнуваат да користат дополнителна литература. 3.3.3 Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците иницираат активности и преземаат одговорности во училиштето. 3.3.4 Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и овозможува соработка меѓу учениците и меѓу учениците и наставниците, интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на проекти, во групи со хетероген состав, каде соработуваат и со наставниците. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

3.4 Задоволување на потребите на учениците	
Извори на податоци	**Кои информации се собрани**
• Протокол за детекција на деца со едукативни потешкотии • Годишен извештај за работа ученичката заедница, наставниците • Увид во евиденцијата на стручната служба • Годишна програма за работа на директор, дефектолог и психолог • Годишен извештај за работата на училиштето • Програма за работа на слободни ученички активности- секции • Тематски планирања на наставнците	3.4.1. Поради специфичноста во работата на нашето училиште, услов за секој ученик кој за првпат се запишува во истото е да има соодветен Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот и психичкиот развој, кој се издава од страна на Заводот за ментално здравје Скопје и Завод за ментално здравје Битола на деца и младинци. Преку овој наод стручните лица кои се директно или индиректно инволвирани во работата со ученикот ја добиваат иницијалната слика за специфичните потреби на истиот. Во понатамошната работа и следење на ученикот како за време на часот, така и при неформалните дружења со групата врсници, се создава конечна слика за потребите и можностите на ученикот. Доколку се забележи дека ученикот се соочува со одредени проблеми во текот на воспитно-образовниот процес се постапува според интерно изготвениот документ од страна на стручната служба (психолог и дефектолог) Протокол за детекција на деца со едукативни и емоционални потешкотии, преку следење, разговори со одговорните наставници, родителите, се дефинираат едукативните потешкотии на ученикот, а потоа преку тимска работа се одредува понатамошниот правец за работа со ученикот. Наставникот применува поинакви методи или начини на работа кои одговараат на потребите на ученикот, постојано го следи ученикот и ги открива причините за евентуалното заостанување, се изработуваат диференцирани цели и активности. Училиштето има интерна процедура за следење и изготвување на ИОП, кој е доставен до стручните активи за нивна подготовка. 3.4.2. На воспитно-образовниот кадар му се дава поддршка за задоволувањето на индивидуалните образовни потреби на учениците преку: ▪ Соработка со Директорот, поради: обезбедување на сите потребни материјални услови за реализација на соодветните активности за реализација и планирање на наставата и слободните активности, учество и организација на корисни семинари, обуки и работилници, ▪ Соработка со стручната служба, преку давање на совети, консултација, инструкција и поддршка секогаш кога се наидува на некој проблем, како и за унапредување на наставно-воспитната работа За воспитно-образовните потреби и проблеми учениците дискутираат и на

	ниво на Ученичка заедница. За проблемите во врска со учењето или социјализацијата секој ученик може да се обрати и до стручна служба и да разговара за истите, како и за начинот на нивно решавање. Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, дополнителна и додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, за актуелни теми, проблеми од лична природа. За поефикасно решавање на проблемите со учење на учениците, се водат индивидуални разговори со родителите. Покрај специфичноста во работата со ученици со оштетен вид, целиот воспитно-наставен кадар се труди овие ученици да имаат високи постигања и за таа цел ги користевме следниве наставни средства: браеви машини, браеви учебници, матаматички апарати, ТВ и рачни лупи, адаптирани учебници, магнетофон, касетофон, спортски реквизити,звучни топки, конструктивни елементи за играње и друго. Се користат специфични методи на работа,се прилагодуваат наставните планови на специфичните потреби на учениците.

3.5 Оценувањето како дел од наставата	
Извори на податоци	**Кои информации се собрани**
• Програма за работа на училиштето; • Стандарди за оценување; • Увид во педагошка евиденција и документација; • Користени инструменти за оценување(тестови на	3.5.1 Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и поголем дел од родителите се запознаени со стандардите и критериумите за оценување. Оценувањето е транспарентно и континуирано, а оценката е сумативна од сите компоненти . Сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување. Наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Најголем број наставници имаат политика на фер оценување, притоа не правејќи разлика помеѓу учениците по пол, етничка припадност и социјален статус. За учениците кои според своите специфични потреби не се во можност да ја следат редовната наставна програма, наставникот согласно интерната процедура вклучувајќи ги и родителите,е должен да изработи Индивидуален Образовен План (ИОП), во истиот да ги намали целите според можностите на ученикот. Овие ученици се оценуваат според постигнатите цели поставени во

знаење, бодовни листи, чек листи); • Примери на оценети ученички трудови; • Прашалници за ученици и наставници; • Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители; • Инструмент за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците.	ИОП-от. Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. 3.5.2. Наставниците користат разни методи и инструменти за оценување и континуирано следење на напредокот на учениците. Наставниците даваат конкретни информации за постигањата на учениците како и препораки за подобрување на истите. Се применуваат: чек листи за оценување на постигањата на учениците, наставно ливче, усна повратна информација, портфолија, писмена работа, контролен тест, тестовите на знаење на крајот од наставните теми и друго. По потреба според специфичноста во видот на ученикот некои тестови се изработуваат со зголемен фонд а други пак со помош на Брајов печатар на Брајова азбука. 3.5.3 Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за: - евалуација на планирањето и спроведувањето на наставата на наставата. - дефинирање на идни активности за подобрување на наставата - разгледување на приодите кон оценувањето

3.6 Известување за напредокот на учениците Ниво на евалуација- многу добро	
Извори на податоци	**Кои информации се собрани**
• Електронски дневник; • Увид во педагошка евиденција и документација; • Анкети со родители;	Информирањето на родителите за напредокот на секое дете се врши преку утврден систем за известување. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајки и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, односно редовни и вонредни родителски средби и индивидуални средби со родителите,а во период кога наставата се одвива од далечина родителските средби се закажуваа и реализираа он лајн на кои јасно се пренесуваат информациите. Редовните

• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители; • Писмени извештаи; • Евидентни листови.	родителски средби се одржуваат по однапред утврден ред и на нив родителите се запознаваат со општиот успех на учениците, дисциплината и однесувањето на учениците како и информации на родителите во врска со тековни прашања. Класните раководители редовно ги информираат родителите со евидентен лист за напредокот на секој ученик по секој наставен предмет ,вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето Наставниците се транспарентни, ги информираат родителите за постигањата на учениците и даваат детални препораки за подобрување на успехот По интерес на родителите може и да се разгледа поединечниот успех на учениците. Родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Вонредни родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба. Индивидуалните средби се одржуваат по иницијатива на наставникот, психологот, дефектологот, директорот, или по иницијатива на самиот родител. Средби со родителите остварува и психологот и притоа ја реализира и Програмата за советување родители, чии деца покажуваат послаби резултати, неоправдано отсуствуваат или асоцијално се однесуваат. Електронската евиденција на постигањата на учениците (електронски дневник), уредно беше водена од наставниците. Според добиените резултати од анкетата повеќето родители редовно го користам електронскиот дневник за да се информираат за успехот и поведението.

Собирање на податоци(прашалници,анкети,набљудувања)	
Извори на податоци	**Кои информации се собрани**
Анкета со наставници	**Од анкетите за наставниците, на прашањата:** **1. Моите часови имаат јасна организација и поделеност на активностите со учениците?** • Во целост е така 100% • Делумно 0% • Воопшто не е така 0%

	2. Често користам добри примери и илстрации кои се поврзуваат со секојдневната пракса? ● Во целост е така 96% ● Делумно 4% ● Воопшто не е така 0% **3.Континуирано ги набљудувам постигањата на учениците и барам нивно мислење при вреднување на нивните знаења?** ● Во целост е така 100% ● Делумно 0% ● Воопшто не е така 0% **4.Домашните задачи се добро осмислени и се надоврзуваат на содржините обработени на часовите?** ● Во целост е така 91% ● Делумно 9 % ● Воопшто не е така 0% **4. При реализација на наставата ученикот е активен субјект?** ● Во целост е така 92% ● Делумно 4% ● Воопшто не е така 4% **5. Применувам различни методи и форми на час,бидејќи учениците имаат различни стилови на учење,способности и интереси?** ● Во целост е така 100% ● Делумно 0% ● Воопшто не е така 0% **6. Преку примена на различни форми и методи на наставната работа кај учениците поттикнувам љубопитност и интересирање?** ● Во целост е така 100% ● Делумно 0% ● Воопшто не е така 0%

	7. Проверувам дали учениците ги разбрале моите прашања и упатства? ● Во целост е така 100% ● Делумно 0% ● Воопшто не е така 0% **8. Применувам информациско комуникациска технологија во наставата согласно наставните содржини?** ● Во целост е така 83% ● Делумно 17% ● Воопшто не е така 0% **9. Редовно одржувам часови за дополнителна настава?** ● Во целост е така 70% ● Делумно 22% ● Воопшто не е така 8 % **10. Дали реализирате додатна настава според планирањето?** ● Во целост е така 70% ● Делумно 26% ● Воопшто не е така 4% **12..Активностите на наставниците и учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот, што ќе придонесе за постигнување на очекуваните резултати** ● Во целост е така 100% ● Делумно 0% ● Воопшто не е така 0% **13.Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови, проектни активности и тој се реализира според планираната динамика** ● Во целост е така 91% ● Делумно 9%

	• Воопшто не е така 0% **Од анкетите за ученици, на прашањата:** **1. Доколку наставникот забележи пречки во учењето навремено превзема мерки за нивно отстранување:** • Во целост е така 100% • Делумно 0% • Воопшто не е така 0% **2. Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот наставникот ги советува редовно да посетуваат дополнителна настава.:** • Во целост е така 87% • Делумно 0% • Воопшто не е така 13% **3. Наставниците на многу интерсни начини ти го пренесуваат знаењето:** • Во целост е така 90% • Делумно 0% • Воопшто не е така 9% **4. Наставниците редовно ги поттикнуваат талентираните и надарените ученици да користат дополнителна литература :** • Во целост е така 78% • Делумно17% • Воопшто не е така 5% **5. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците сме целосно запознаени:** • Во целост е така 87% • Делумно 13%

Анкета со ученици	• Воопшто не е така 0% **6. Во училиштето се учат работи кои се применливи и се користат во секојдневниот живот:** • Во целост е така 91% • Делумно 9% • Воопшто не е така 0% **7. Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат:** • Во целост е така 91% • Делумно 9% • Воопшто не е така 0% **8. Учениците и наставниците заеднички работат на проекти во и надвор од училиштето:** • Во целост е така 92 % • Делумно 4% • Воопшто не е така 4% **9. Голем дел од активностите во училиштето ги сметаш за интересни и пријатни.** • Во целост е така 87% • Делумно 13% • Воопшто не е така 0% **10. При решавањето на проблеми и одлучување секогаш наставникот го зема во предвид мислењето на учениците.:** • Во целост е така 78 % • Делумно 22 %

	• Воопшто не е така 0% **11. Изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето.:** • Во целост е така 92 % • Делумно 8% • Воопшто не е така 0% 12. **Сите наставници редовно ни даваат повратни информации при оценувањето, дискутираат за нашиот напредок и постигања**: • Во целост е така 87% • Делумно 13 % • Воопшто не е така 0% **Од анкетите за родителите, на прашањата:** 1.**Моето дете сака да оди на училиште и се чуствува задоволно.** • Во целост е така 100% • Делумно 0% • Воопшто не е така 0% 2**. Моето дете вели дека часовите на училиште се интересни.** • Во целост е така 95% • Делумно 0% • Воопшто не е така 5% 3. **Наставниците даваат конкретни информации за постигањата на учениците како и препораки за подобрување на постигнувањата:** • Во целост е така 95% • Делумно 0% • Воопшто не е така 5% 4.**Наставниците користат разни методи и инструменти за за оценување и**

	континуирано следење на напредокот на учениците: ● Во целост е така 95% ● Делумно 0% ● Воопшто не е така 5% 5**. Наставниците се транспарентни, редовно ме информираат за постигањата на моето дете и добивам детални препораки за подобрување на успехот:** ● Во целост е така 95% ● Делумно 0% ● Воопшто не е така 5% 6.**Родителските состаноци се добро организирани и добивам корисни информации.** ● Во целост е така 75% ● Делумно 20% ● Воопшто не е така 5% **7. Класниот раководител редовно ме информира со евидентен лист за напредокот на моето дете по секој наставен предмет ,вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето:.** ● Во целост е така 95% ● Делумно 5% ● Воопшто не е така 0% 8**. Од наставно-воспитниот кадар добивам информации како да му помогнам на моето дете:** ● Во целост е така 90% ● Делумно 10% ● Воопшто не е така 0% **8.Запознаен сум со активностите кои се реализираат во училиштето:**

Анкета со родители	• Во целост е така 90% • Делумно 10% • Воопшто не е така 0% **9.Постои взаемна почит помеѓу наставниот кадар и учениците.** • Во целост е така 90% • Делумно 10% • Воопшто не е така 0% **11. Кога имам прашања училиштето ми дава потребни информации:** • Во целост е така 100% • Делумно 0% • Воопшто не е така 0% 12. **Наставниот кадар се консултира со мене за одредени одлуки кои се однесуваат на моето дете:** • Во целост е така 100% • Делумно 0% • Воопшто не е така 0% 13. **Редовно го користам електронскиот дневник за да се информирам за успехот и поведението на моето дете:** 13. Во целост е така 70% 14. Делумно 15% 15. Воопшто не е така !5%

РЕЗУЛТАТИ	
ЈАКИ СТРАНИ	• Редовно и навремено планирање на наставната работа во училиштето • Планирањето на наставната работа во согласност со Наставниот план и програма даден од МОН • Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови, проектни активности и тој се реализира според планираната динамика • Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа, соодветни на потребите според специфичностите на учениците. • Активностите на наставниците и учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот, што ќе придонесе за постигнување на очекуваните резултати • При реализација на наставата ученикот е активен субјект • Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот. • Интеракцијата помеѓу голем дел од наставниците и учениците е на солидно ниво и позитивно влијае на наставниот процес. • Учениците сметаат дека часовите се интересни и има работната атмосфера • Учениците и наставниците заеднички работат на проекти во и надвор од училиштето • Најголем број од наставниците водат грижа за напредокот на учениците ги охрабруваат учениците, самостојно да мислат, поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат • Учениците и родителите се навремено информирани за се преку класниот раководител кој има индивидуализиран пристап и со ученикот и со родителот • Наставници редовно им даваат повратни информации на учениците при оценувањето, дискутираат за нивниот напредок
СЛАБИ СТРАНИ	• Недостасува реализација на отворени часови, организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства • Недоволен број на обуки и работилници посветени на методиката на наставата конкретно по одделни предмети

Анализа на резултатите

- Секој наставник подготвува годишно планирање кое го доставува до стручната служба на почетокот на учебна година и тематско процено планирање една до две седмици пред почетокот на темата. Наставниците изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања. Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот. Стручната служба најмалку два пати годишно ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата. Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа, соодветни на потребите според специфичностите на учениците. Наставниците ја планираат редовната,додатната и дополнителната настава како и воннаставни активности. Во зависност од потребите на учениците, наставниците изготвуваат и ИОП. Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот. Училиштето има пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес, и кај секој наставник се врши посета на час од страна на директорот и стручната служба, најмалку два пати во годината. Учениците сметаат дека часовите се интересни и има работната атмосфера. Учениците и наставниците заеднички работат на проекти во и надвор од училиштето.
  Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување.
  Наставниците користат различни форми и методи на оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и честопати проследено со повратна информација која им помага на учениците да ги подобрат своите знаења. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно се применува. Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците родителите добиваат евидентни листови, свидетелства, дипломи.Со пристап во е – дневникот секој родител може да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете.

Идни активности

- Реализација на отворени часови за меѓусебна размена на искуства
- Поголем број на обуки посветени на методиката на наставата конкретно по одделни предмети.

8.ПОДРАЧЈЕ 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оддели во рамки на подрачјето:

4.1. Севкупна грижа за учениците

4.2. Здравјето и постконфликтните трауми

4.3. Соодветна помош на учениците

4.4. Следење на напредокот

Прегледани документи	Добиени информации
4.1 Севкупна грижа за учениците Наставни програми Планирања на наставниците Програма за екскурзии Програма за работа на ученички дом	**Форми и активности за севкупна заштита на учениците** Цели на нашето училиште се: - обезбедување на оптимален психофизички развој на учениците со оштетен вид, - градење на компензаторни механизми, - стекнување на знаења и вештини - успешна иинтеграција во социјалната и работната средина. Од овие цели произлегуваат формите и активностите за севкупна заштита на учениците: -Во основното училиште, согласно Концепцијата за деветгодишно основно образование, наставниот процес се реализиира според адаптирани наставни програми за ученици со оштетен вид;

Правилник за куќен ред во ученичкиот дом Програма и дневник за работа на училишни секции Дневник на воспитувачи Тетратка за евиденција на работа на негувателки Тетратка за дежурства на наставници Програма за работа на одделенски / класен раководител Евиденција за одржани работилници Евиденција за реалзирани воннаставни активности Евиденција за учество на натпревари -дипломи, пехари...	-Се применува принципот на индивидуализирана настава при што се користат специфични тифлотехнички и тифлопедашоки наставни средства и помагала – компјутери со читач на екран, Брајови машини, математички Брајови апарати, учебници и скрипти со зголемен фонт, ТВ лупи, заради хигиена и заштита на видот на учениците. Фондот на овие основни специфични наставни средства и помагала во голем дел ги задоволува потребите на учениците. Посебно се забележува потребата од Брајови машини и математички брајови апарати за индивидуална работа на секој ученик, што е и интенција на нашето училиште истите во континуитет да ги набавува. Исто така, се забележува потребата од компјутери за учениците, и оние со читач на екран за да можат непречено да ги реализираат училишните задачи и активности. За таа цел, училиштето развива форми на соработка за создавање можности за подобрување на условите и набавка на потребните наставни средства и помагала преку спонзорства и донации. - За учениците кои ,покрај оштетувањето на видот, имаат и потешкотии во совладувањето на наставната програма, одделенските / предметните наставници во рамките на своите планирања на наставатае изготвуваат индивидуални образовни планови или поставуваат диференцирани цели и активности согласно едукативните капацитети на тој ученик. Ова може да се види и од анкетите кои се спроведени меѓу наставниците и учениците. Од анкетата која е спроведена меѓу наставниците може да се забележи дека 85,7 % од наставниците секогаш изработуваат, 9, 5 % понекогаш изработуваат а само 5% никогаш не изработуваат индивидуални образовни програми за учениците со комбинирана попреченост. Од анкетата пак која е спроведена меѓу учениците може да се забележи дека 73,7 % од учениците сметатаат дека во училиштето постои механизам за вклучување на соучениците во давање помош и водење грижа за непречено вклучување во наставата на

Интерен Протокол за детекција и евиденција на ученции со емоционални и други проблеми. Евиденција од разговори со ученици Евиденција од разговори со родители Писма за соработка до ЦСР Писма за соработка до Завод за ментално здравје на деца и младинци Евиденција за реализирани активности од програмата за јавна и културна дејност во дневник на паралелка Евиденција на медицниската сестра за систематски и др. прегледи на учениците	учениците со комбинирани пречки, 21, 1 %одговориле дека има понекогаш а 5,2 % одговориле дека во училиштето нема таков механизам. -Во текот на учебната година се реализираат воннаставни активности во кои се вклучени одреден број на ученици. Од анкетата која е спроведена меѓу учениците може да се забележи дека 52,6 % од учениците се изјасниле дека не се вклучени , 31,6 % се изјасниле дека се понекогаш вклучени а само 15, 8 % се изјасниле дека се вклучени во воншколски активности. Според Програмата се реалзираат екскурзии со учениците двапати годишно – пролетна и есенска; -Во училиштето постојат и слободни ученички активности - училишни секции - кои работат со променлив интензитет. Резултатите од работата на некои од нив се евидентни преку настапите на нашите ученици на училишните приредби, спортски и музички настапи надвор од училиштето, учество на натпревари каде нашите ученици покажаа одлични резултати – освоени прво второ, трето место. -За учениците во нашето училиште кои доаѓаат од други градови обезбедено е интернатско сместување во ученичкиот дом во рамките на училиштето. Тие се опфатени во воспитни групи со одговорен воспитувач, и се реалзираат содржини од програмата за работа на ученичкиот дом, според изготвен Правилник за куќен ред, а согласно физиолошките и педагошките норми и стандарди. Исто така, во ученичкиот дом, за грижа и заштита на учениците е ангажиран и медицински персонал . Тие се примарно одговорни за здравствената ссотојба на учениците, но исто така и за формирање и развивање на културно хигиенски навики, исхрана на учениците, прифаќање и згрижување на учениците од одделенска настава.

Правилник за заштита на децата од насилство во училиштето,	- Во училиштето и ученичкиот дом учениците се под постојана грижа и надзор на вработените преку дневни и викенд дежурства на наставниот кадар, дежурства на воспитувачите, дежурства на негователките во време на ноќен одмор на учениците -За сите ученици од основното училиште е обезбедена ужинка, а за ученците во ученичкиот дом обезбедена е исхрана од сопствена кујна на училиштето. Јеловникот се подготвува комисиски - Директор , одговорните готвачи, економ, и претставник од претседателството на ученичката заедница -Хигиената во сите згради на училиштето редовно секојдневно се одржува – во просториите, ходниците, тоалетите. Два пати годишно се изведува генерално чистење, а во текот на летниот распуст и молерисување на простории каде што има потреба од истото. **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди** Заштитата и безбедноста во просториите на училиштето се обезбедени со превземање на следните мерки и активности: -Сите четири згради во составот на училиштето се со тврда градба; просторот е прилагоден на потребите на учениците. Надворешно, ивичниците на тротоарите , столбовите, скалилата се соодветно офарбани со жолта маркирна боја така што можат лесно визуелно да се перцепираат од страна на учениците со делумно оштетување на видот. Изградена е и тактилна патека на главниот влез на училиштето заради полесна ориентација и мобилност на учениците со целосно оштетување на видот, и поставени се пристапни рампи на влезовите во училишната зграда, интернатот и управната зграда со што се овозможува пристапен влез во истите за корисници на инвалидска количка. Учениците со инвалидска количка немаат пристап до првиот кат на управната зграда каде се сместени некои од кабинетите во кои истите ученици треба да следат настава.Од тие

	причини овие ученици следат настава во други простории кои се достапни за нив. Распоредот на мебелот во училниците и др. простории за престој на учениците е соодветен на специфичните потреби и прописи за ориентација на учениците во затворен простор. - Училиштето има изготвено неколку програмски документи кои ја третираат и уредуваат оваа проблематика и во кои има пропишано мерки и постапки за заштита во случај на опасност: Правилник за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, Правилник за заштита од пожари и експлозии - Согласно прописите, определени се места на кои треба да има ПП апарати,но забележано е дека на некои од нив апаратите не се поставени. Има задолжено лице во училиштето кое редовно се грижи за сервисирање на апаратите. - Во училиштето има поставено громобранова инсталација - Во рамките на проектот на УНДП и Центарот за управување со кризи на РСМ, поддржан од МОН, изработени се тактилна боенка за ученици со целосно оштетување на видот од одделенска настава и Прирачник за заштита од елементарни непогоди за сите ученици со делумно и целосно оштетување на видот – со зголемен фонт и на Брајово писмо – во кој на учениците им се пренесени основни насоки за постапување во случај на елементарни непогоди – пожар, земјотрес, поплава, топлотен бран. - Изработени се и поставени тактилни и визуелни мапи на план за евакуација во сите згради на училиштето, согласно тифлолошките стандарди за перцепција на учениците со делумно и целосно оштетување на видот - Поставени се безбедносни камери – видео надзор во сите згради на училиштето со што се има увид на влезовите и ходниците - Поставени се заштитни решетки на поголем дел од просториите во училиштето,

	- Во попладневните и ноќните часови се ангажира чуварска служба на училиштето - Во ноќните часови во ученичкиот дом за учениците се грижи дежурна негователка -Учениците од одделенска настава и оние со комбинирани пречки за движење и престој надвор од кругот на училиштето, секогаш се во придружба на возрасен вработен - За заштита на учениците и нивна безбедност при ракување со инструменти и машини се задолжени одговорните предметни наставници под чиј надзор и целосна одговорност се изведуваат сите ученички активности за време на часот и практичната настава. - При реализација на практичната настава во графичката струка - работата на машини и апарати за конфекционирање на хартија, самиот уред - нож за хартија - има заштитен дел од повреди. Учениците од здравствената струкаа задолжително носат и користат заштитна опрема. Посебно се внимава на одржување на хигиената на рацете, и се развиваат навики за правилно однесување кон пациентите со цел заштита на здравјето при контактите со нив. **Заштита од пушење, алкохол и дрога** Училиштето има политика за забрана на пушење, користење алкохол и наркотични супстанци. Превентивно , со учениците се разговара, се обработуваат теми на работилници, во наставата, на класните / одделенски часови за штетноста од конзумирањето алкохол, пушењето и употребата на наркотични супстанци. Во случај на прекршување на одредбите, за вработените и за учениците постојат пропишани соодветни мерки. Од анкетата спроведена меѓу учениците во училиштето а поврзана со ова прашање може да се види дека 78% од испитаните ученици се изјасниле дека училиштето води сметка за едукација на учениците за последиците од злоупотреба на зависности – пушење , алкохол , наркотици и сексуално воспитување, 15, 8 % одговориле дека тоа училиштето го прави

	понекогаш а само 5,3 % сметаат дека училиштето не води сметка за едукација на учениците за последиците од злоупотреба на зависности – пушење, алкохол, наркотици и за сексуално воспитување. Од анкетата која е спроведена меѓу наставниците може да се види дека 76,2% одговориле дека на часовите или во редовната настава ,, секогаш,, вршат едукација на учениците за последиците од пушењето и консумирањето на алкохол и дрога ,23,8 % од наставниците одговориле ,,Понекогаш, а со ,,Не, никогаш,, не одговорил ниеден наставник. Од анкетата која е спроведена меѓу родителите може да се види дека 73,1 % од родителите одговориле дека се информирани за забраната и санкционирањето на на учениците кои пушат или консумираат дрога , алкохол и наркотични средства, 15, 4 % одговориле дека се делумно информирани а 15,4 % дека не се информирани. Од анкетата спроведена меѓу учениците може да се види дека 78,9% од учениците одговориле дека во училиштето се води сметка за едукација на учениците за последиците од злоупотреба на зависности – пушење, алкохол и наркотици, 15,8 % оговориле со ,,понекогаш,, а 5,3 % одговориле со ,, Не,, **Превенција од насилство** Во рамките на програмата која се реализира на одделенски / класен час одделенскиот/класниот раководител реализира наставни содржини и работилници кои опфаќаат и теми од справување со конфликтите и насилничкото однесување. Кога постои сомневање за појава на ментална или физичка злоупотреба на учениците, најпрво се пристапува кон утврдување на реалната состојба, утврдување на фактите, доколку е тоа можно, од страна на класниот / одделенски раководител, воспитувач, заедно со стручната служба во училиштето. Во функција е и Правилникот за заштита на децата од насилство во училиштето, во кој точно се определни постапките при разрешувањето на

	вакви состојби. По проценета потреба, се информираат родителите, семејството, се стапува во контакт со соодветниот Центар за социјална работа, со барање за заедничко делување и соработка во разрешување на настанатата ситуација. Во понатамошниот тек може ученикот, родителите да бидат упатени во други институции. Училиштето има нула толеранција за вакви појави. **Квалитет на храната** Според Еко- програмата се реализираат активности за здрава храна со цел да се подигне свеста кај учениците за поголема грижа за своето здравје. Од анкетата која е спроведена меѓу учениците може да се види дека 73,7% од учениците одговориле дека во училиштето преку наставни содржини и активности на класните часови добиваат информации за значењето на здравата храна во процесот на раст и развој, 15, 8 % одговориле со ,,Не ,, а 10,5 % одговориле со ,,Понекогаш,, **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот** Во училиштето постои механизам за подршка на учениците со телесни пречки во развојот. Пристапот во училиштето е прилагоден на нивните потреби и можности. Училиштето има политика на олеснување на движењето во училиштето на децата кои имаат телесна попреченост. Поставени се пристапни рампи на влезовите во училишната зграда, интернатот и управната зграда со што се овозможува пристапен влез во истите за корисници на инвалидска количка. Учениците со инвалидска количка немаат пристап до првиот кат на управната зграда каде се сместени некои од кабинетите во кои истите ученици треба да следат настава.Од тие причини овие ученици следат настава во други простории кои се достапни за нив. Се користат училници на приземје, а учениците со телесни пречки во развојот добиваат помош и од соучениците. Во сите тоалети во училиштето постои посебен дел за децата со телесна попреченост.

	Сите горенаведени и други форми и активности кои се користат овозможуваат заштита, грижа и обезбедување на благосостојба на учениците. Секако дека не се исцрпени сите форми и активности, или постоечките не секогаш имаат максимален учинок, но во континуитет се работи на создавање на услови за подобар живот и престој на учениците во нашето училиште.
4.2 Здравјето и постконфликтните трауми Досие на ученик Евиденција на стручна служба за соработка со наставно – воспитен кадар Евиденција на стручна служба за соработка со медицински кадар Евиденција на стручна служба за соработка со родители / старатели Записници од родителски средби Интерен протокол на стручната служба за евиденција и детекција на	**Идентификување на емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците** Емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците се детектираат од исказите на самите ученици(доколку се во можност да ги препознаат, именуваат и искажат), преку информации добиени во разговорите со вработените – неформални разговори, индивидуални разговори, состаноци на стручните активи, преку информации ,искази од разговорите со родителите/старателите на учениците, преку одредено однесување и постапки на детето кои индицираат постоење на одредена незадоволена потреба или барање на детето, преку информации и разговори со другите деца. Училиштето т.е. стручната служба има изготвено и во функција е Интерен Протокол за детекција и евиденција на ученции со емоционални и други проблеми. По идентификуваниот емоционален проблем, или др. проблем кај детето во нашето училиште, се пристапува кон процес и процедура на откривање на причините за појава на тој проблем, и начините на негово разрешување, преку индивидуална работа / разговори со ученикот. Пристапот е тимски и во него учествува стручната служба, класниот т.е. одделенски раководител, медицинската служба во училиштето доколку е здравствен проблем, семејството / старател на детето. По потреба, доколку се одреди дека е неопходно се вклучува и соодветна установа ЦСР, Завод за ментално здравје,. специјалистичка здравствена установа итн.

деца со емоционални и други проблеми. Интерна процедура за детектирање на деца со едукативни потешкотии. Евиденција од работата на училишниот психолог Разговор со психологот Тетратка за евиденција на работата на медицинската сестра и негувателки Тетратка за издадена терапија Записници од разговори со родители Записник од наставнички совет	Во функција на детектирање, идентификување и задоволување на потреби на учениците, се превземаат мерки и активности како комуникација и разговори со учениците за нивните интереси, желби , очекувања; реализација на содржини од Програмата за јавна и културна дејност – посета на театар, музеи, концерти, спортски натпревари; посета и користење на услугите на спортски објекти – куглана, лизгалиште; редовно се следи здравствената состојба на учениците преку задолжителни систематски прегледи, индивидуални офталмолошки прегледи. **Грижа за учениците со емоционални потешкотии** Сите ученици од нашето училиште, заради постоењето на визуелната попреченост, спаѓаат во категоријата на лица со посебни образовни потреби. Идентификацијата на нивните физички, психички и здравствени потешкотии се врши при самиот упис, преку увид во Наодот за видот и степенот на попреченост во физичкиот и психичкиот развој, како и преку увид во дополнителната медицинска документација која родителите ја поседуваат и ја носат во прилог при уписот во училиштето. Понатаму, доколку до промена на состојбата на ученикот дојде во текот на образовниот процес, идентификацијата се врши преку непосредна опсервација на ученикот од страна на наставниот , воспитувачкиот и др. кадар кој е во непосреден контакт со него и секако размена на информации, забелешки , согледувања. Во функција на ова е и изготвениот Интерен протокол на стручната служба за евиденција и детекција на деца со емоционални и други проблеми. Постои и уште еден програмски документ изготвен од стручната служба – Интерна процедура за детектирање на деца со едукативни потешкотии. Овие документи, како и постојаната координација и соработка на сите субјекти во училиштето – наставно-воспитниот и медицински кадар - која е од многу големо значење , помагаат за правовремено откривање на проблеми кај учениците. При

Евиденција од работата на медицинската сестра и негователките Извештај на медицинската сестра Евиденција од дневникот на воспитувачите Евиденција од работата на училишниот психолог и тифлопедагог	тоа, се вклучува и семејството на ученикот, се упатува на дополнителни специјалистички прегледи и дијагностички процедури, заради утврдување на состојбата на ученикот. **Систем за работа со ученици кај кои се идентификувани посткофликтни трауми** Учениците кај кои се идентификувани постконфликтни трауми, училиштето го користи веќе развиениот систем за работа преку , интерниот протокол на стручната служба за евиденција и детекција на деца со емоционални и други проблеми. Училиштето се труди да им помага преку обезбедување на соодветна поддршка, сооодветна средина и соодветен однос од страна на вработените и другите ученици. Им помага во процесот на разрешување и надминување на последиците од преживеаната траума. Посебна улога во тој процес има училишниот психолог преку индивидуална работа со овие ученици, активно вклучувајќи ги и обезбедувајќи блиска соработка со потесното и поширокото семејство доколку се процени дека тоа е потребно. Родителите се охрабруваат и се насочуваат како ефикасно да му помогнат на детето. Се одредува проценката на детето за природата и интензитетот на неговите реакции, во смисла на тоа на какви искуства било изложено, што чувствува за овие искуства, се зборува во доверба и со емпатија со детето за она што го вознемирува. Иако децата можат да покажат проблематично однесување, како резултат на општата состојба на анксиозност(поради појава на повеќе стресни настани во исто време), се следи промената во нивното секојдневно однесување зголемена плашливост, прилепеност, сепарациона анксиозност, регресивно однесување и слично. Елементите од стресниот настан често се појавуваат во играта на децата, заради што се врши опсервација и на овие елементи (играта, цртежите). Одењето во училиште треба да биде извор на стабилност и континуитет во секојдневниот живот, редовно да се одржуваат часовите од страна на исти наставници. Кога ќе се изврши проценка од страна на психологот се користи и посебна училницата како место каде во група се споделуваат

	чувствата и реакциите на тие чувства, обезбедувајќи атмосфера на поддршка и со искрени и јасни информации и објаснувања. Ако постојат и проблеми во учењето се бара од наставниците да организираат дополнителна настава и дополнителна помош во учењето. Пристапот е тимски и во него учествува стручната служба, класниот т.е. одделенски раководител,предметните наставници, воспитувачите, медицинската служба во училиштето доколку има и дополнителен здравствен проблем, семејството / старател на детето. Доколку се процени дека ситуацијата ја надминува само вклученоста на училиштето, учениците и родителите се вклучуваат и соодветни социјални служби, ЗМЗ и специјалистичка здравствена установа. **Активности кои ги презема училиштето при појава на бременост во училиштето** Во нашето училиште во изминатиот период нема регистрирани случаи на бременост кај ученичките. По ова прашање, со учениците се водат едукативни разговори, се реализираат психолошки работилници на тема сексуално здравје,медицинскиот персонал води евиденција за редовноста на менструалниот циклус кај девојчињата. Во случај кога би имале млада бремена ученичка, секако дека училиштето ќе пристапи внимателно кон разгледување и разрешување на ситуацијата заедно со семејството на ученичката. Ќе биде обезбедена потребната помош, поддршка преку советувања, укажувања, разговори, соочувања со значењето на состојбата на ученичката и паралелна комуникација со семејството. **Грижа за учениците со здравствени проблеми** Во работата со учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми, училиштето ги превзема следните активности: -Доколку промената т.е. нарушувањето на здравствената состојба е моментална, медицинскиот кадар ги превзема сите неопходни чекори за иницијално санирање; се

	известуваат родителите / старателите на ученикот, се вршат потребните консултации со нив за натамошно третирање на проблемот и содветно постапување. -Во случај на потреба од изолација (при заразни болести и др. состојби), во училиштето постои посебна просторија за таа намена каде ученикот престојува одреден период во присуство на стручен медицински тим .Потоа се контактира со родителот и матичниот лекар и ученикот се испраќа на лекување во домашни услови. Ова е уредено со посебни протоколи за постапување во услови на пандемија. -Ако ученикот , по утврдувањето на здравствената состојба, го продолжува престојот во училиштето и ученичкиот дом, за редовно и навремено примање на терапијата задолжен е медицинскиот персонал, кој води евиденција за доделената терапија за секој ученик. -Во случај на потреба, за одредни сегменти од здравствената состојба на ученикот, се известува и наставничкиот совет, со цел запознавање и увид во состојбата на ученикот.
4.3 Соодветна помош за учениците Тековна евиденција од работата на психолог Тековна евиденција од работата на тифлопедагог Програма за работа на психолог Програма за работа на тифлопедагог	**Улогата на стручната служба во давање на соодветна помош на учениците** Информациите за помошта и поддршката што учениците и нивните родители / старатели можат да ја добијат од стручната т.е психолошко-тифлолошката служба во училиштето, ги добиваат уште при првата посета и контакти во училиштето. Првично , контактите се телефонски, но може да биде и посета на службата во семејството или обратно – семејството да дојде во посета во училиштето. При тоа, родителите / старателите од стручната служба добиваат препораки, совети, насоки, информации и се она што родителите го истакнуваат како потреба во однос на нивното дете. Со уписот на детето во училиште, првичните контакти повторно се воспоставуваат со стручната служба, преку процедурата за упис, иницијалните тестирања, земање семејна анамнеза, упатување на родителите во организациската поставеност и дејноста на училиштето. Во континуитет, стручната служба реализира постојана соработка и контакти

Анкети со ученици Тестови со ученици	со родителите / старателите на учениците – при нивни посети и во училиштето или преку телефонски разговори. Исто така, на учениците, уште со самиот упис, од страна на стручната служба им се дава поддршка при самиот процес на адаптација, вклопување во училишната и интернатска средина; учениците добиваат можност заедно со стручната служба да ги споделуваат и по потреба разрешуваат сите лични доживувања, ситуации, состојби, **Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување** Професионалната ориентација на учениците од училиштето е дел од програмските активности на стручната служба. Посебно се реализира со ученциите од 8 и 9 одделение кога се изведуваат серија индивидуални и групни разговори, се спроведуваат анкети, интерни тестови за професионална ориентација, интервјуа со ученциите. Се реализираат заеднички часови со класните раководители, средби и разговори со наставниците од средното училиште кои ги предаваат стручните предмети заради поблиско запознавање со струката, предметите, практичната настава, перспективите за вработување и секако консултации , средби и разговори со родителите на учениците. Преку овие активности и содржини, им се помага на учениците да донесат одлука за избор на идната професија, земајќи ги во предвид нивните способности и интереси. Во случај кога ученик од основното училиште ќе избере средното образование да го продоложи во друго училиште, од нашето училиште добива помош и поддршка при уписот во тоа училиште; училиштето по потреба стапува во контакт со наставниот кадар во новото училиште заради запознавање со природата на оштетеноста на видот кај ученикот и потребната адаптација на наставниот материјал и начинот на реализација на наставата и практичната работа.

	Со учениците од завршните години од Средното училиште, се реализираат низа активности за пишување на ЦВ, мотивационо писмо, подготовка за интервју и слично, како и серија индивидуални и групни разговори за продолжување на нивното образование на факултет или можностите и интересите за нивно вработување, за која цел стручната служба контактира со служба за вработување на лица со посебни потреби при Заводот за вработување. Во овие разговори и изнаоѓање на соодветни професионални и кариерни решенија за учениците е целосно вклучен Директорот и наставниците по стручните предмети. Преку овие активности се врши проценка на ставовите, мислењата на ученците, нивните планови, желби за натамошно образование и стручно определување но и предиспозиции, способности определни со видот и степенот на оштетувањето на видот и општата состојба на ученикот, а кои се во тесна врска со изборот на професијата. Доколку пак , определбата на ученикот е да продложи и со високо образование, и во тој случај училиштето ја дава неопходната иницијална помош и поддршка при процедурата за упис, контакти со кадарот од високообразовната установа, посредува при обезбедувањето на материјали за учење во форма соодветна на потребите на ученикот, во координација и соработка со општинските и Републичкиот Сојуз на слепи лица
4.4 Следење на напредокот Дневникот на паралелка Евидентни листови Ученичко портфолио	**Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците** Секој раководител на паралелка во основното и средното училиште , води евиденција во дневникот на паралелката и во евидентните листови , за редовноста на секој ученик, поведението и образовните постигнувања, како и евидентни листови за следење на развојот на секој ученик . Податоците се дел од досието на ученикот -ученичкото портфолио. Во ученикото досие влегува и индивидуалниот образовен план на учениците со комбинирана попреченост. Сите податоци за успехот, поведението, редовноста на ученикот се достапни на увид на

Главна книга Евиденција од родителски средби	родителите, наставниците и учениците. Родителите се информираат индивидуално, или на групни родителски средби. На увид (лично или по пошта заради географската оддалеченост) им се доставува и евидентниот лист на ученикот со податоци за постигнатиот успех и редовност за секој класификационен период. Учениците тековно добиваат информации за успехот од предметниот наставник за секој предмет. **Анализа на напредокот на учениците** Евиденцијата и увидот за успехот, поведението, редовноста на учениците е предмет на компаративна и лонгитудинална анализа на стручната служба. Добиените сознанија од тие анализи служат да се има преглед во : - Степенот на постигнувања и редовноста на учениците, и доколку се регистрира одредено отстапување – намален успех, отсуство од настава, промени во поведението на учениците, правовремено да се реагира, секако во соработка со одделенскиот / класен раководител, со родителите и работа со самите ученици - Успехот на учениците по наставни предмети , кој понатаму може да послужи како показател за степенот на усвоеност на наставните содржини по тој предмет, евентуални одредени потешкотии, обем и тежински нивоа на наставниот материјал, потребата од адаптација на истиот, потребата од дополнителна насатва со учениците и сл. - Успехот на учениците по предмети , кој може да биде показател за нивните предиспозиции за одредена струка / занимање, посебно оние кои се во функција на таа струка.

	Прицедури кои се применуваат при премин на ученик во друго училиште или упис на ученик во училиштето При преминот на ученик од нашето во друго училиште, до истото се доставува преведница која содржи податоци за постигнатиот успех , редовноста и поведението во последната учебна година / полугодие од образованието на ученикот во нашето училиште. По потреба и барање на другото училиште, може да се издаде и мислење за ученикот, и др. информации и податоци кои училиштето ќе ги побара. Исто , при премин на ученик од друго во нашето училиште, потребно е да достави преведница од претходното училиште, заедно со другите потребни документи за упис, меѓу кои основен е Наодот за видот и степенот на попреченост во физичкиот и психичкиот развој. Во отсуство на наведените документи и податоци, од нашето училиште се доставува барање до другото училиште за достава на истите. Информациите за ученикот се добиваат и од разговорите со родителите / старателите на ученикот, а како опција стои и контакти – телефонски или лични - со посета и средба со наставниот кадар и стручната служба во училиштето од каде ученикот доаѓа – доколку има можности за тоа,заради географската оддалеченост бидејќи во нашето училиште доаѓаат ученици од територија на целата држава. Во случај кога ученикот нема Наодот за видот и степенот на попреченост во физичкиот и психичкиот развој или истиот е од постар датум, а оштетеноста на видот е евидентна, родителите се упатуваат во постапката за обезбедување / обновување на истиот. По укажана потреба, училиштето посредува при оваа постапка, дури има и примери кога се нуди и обезбедена е од страна на стручната служба во училиштето, придружба за родителот при постапката за добивање на овој документ.

<table>
<tr><th>Други методи кои се користени за собирање податоци</th><th>Учесници</th><th>Добиени информации</th></tr>
<tr><td>Анкета за наставно – воспитен персонал</td><td>Членови на тимот

Наставно-воспитен персоонал</td><td>Анкетата за наставно – воспитниот персонал беше спроведена на примерок од вкупно 17 наставници и воспитувачи. Структурата на анкетираните вработени по пол и етничка припадност е дадена во следната табела:
<table>
<tr><th></th><th>машки</th><th>женски</th><th>Вкупно</th></tr>
<tr><td>Македонци</td><td>2</td><td>15</td><td>17</td></tr>
<tr><td>Албанци</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Бошњаци</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Власи</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>2</td><td>15</td><td>17</td></tr>
</table>
Преку одговорите на анкетираните, целта беше да се испита мислењето и ставот на наставно – воспитниот персонал за прашања кои се клучни во градењето на квалитетен систем на грижа и поддршка за учениците.
Легенда:
1 – не , никогаш
2 – понекогаш
3 – да, секогаш</td></tr>
</table>

Добиени се следните одговори:

1.**Дали нашето училиште делува во склад со усвоени начела штитејќи ги учениците од насилство, малтретирање и злоупотреба?**

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	17
/	/	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од наставниците одговориле дека нашето училиште делува во склад со усвоени начела штитејќи ги учениците од насилство, малтретирање и злоупотреба.

2.Дали на проблемите на учениците во училиштето, се реагира правовремено и на соодветен начин?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	1	16
/	5.8%	94.1%

Од анкетата може да се забележи дека 5.8% од наставниците одговориле дека понекогаш
на проблемите на учениците во училиштето, се реагира правовремено и на соодветен начин, додека 94.1% одговориле дека да, секогаш се реагира правовремено и на соодветен начин.

3.Јас, како наставник имам разбирање за емоционалните, физичките и другите потреби на учениците?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	2	15
/	11.7%	88.2%

Од анкетата може да се забележи дека 11.7% од наставниците одговориле дека понекогаш имаат разбирање за емоционалните, физичките и другите потреби на учениците, а додека пак 88.2% одговориле дека да, секогаш имаат разбирање за емоционалните, физичките и другите потреби на учениците.

4.Учениците кои се соочуваат со лични проблеми, во училиштето добиваат соодветна поддршка при што се води сметка за приватноста?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	3	14
/	17.6%	82.3%

Од анкетата може да се забележи дека 17.6% од наставниците одговориле дека понекогаш учениците кои се соочуваат со лични проблеми во училиштето добиваат соодветна поддршка при што се води сметка за приватноста, додека пак 82.3% одговориле дека да, секогаш учениците кои се соочуваат со лични проблеми, во

училиштето добиваат соодветна поддршка при што се води сметка за приватноста?

5.Се чувствувам компетентен да дадам поддршка во ситуација на емоционална и физичка злоупотреба.

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	4	13
/	23.5%	76.4%

Од анкетата може да се забележи дека 23.5% од наставниците одговориле дека понекогаш се чувствуваат компетентен да дадат поддршка во ситуација на емоционална и физичка злоупотреба, додрка пак 76.4% одговориле дека да, секогаш се чувствуваат компетентни да дадат поддршка во ситуација на емоционална и физичка злоупотреба.

6.Редовно го следам напредокот на учениците и ги евидентирам нивните достигнувања.

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	/
/	/	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од наставниците редовно го следат напредокот на учениците и ги евидентираат нивните достигнувања.

7.Дали стручните работници има даваат поддршка на учениците и родителите?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	5	12
/	29.4%	70.5%

Од анкетата може да се забележи дека 29.4% од наставниците сметааат дека понекогаш стручните работници има даваат поддршка на учениците и родителите, а додека пак 70.5% сметаат дека да, секогаш стручните работници има даваат поддршка на учениците и родителите.

8.Дали на класните часови или во редовната настава вршите едукација на учениците за последиците од конзумирање неквалитетна брза храна , пушење, алхохол, и дрога?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	2	15
/	11.7%	88.2%

Од анкетата може да се забележи дека 11.7% од наставниците сметаат дека понекогаш за време на класните часови или во редовната настава вршат едукација на учениците за последиците од конзумирање неквалитетна брза храна , пушење, алхохол, и дрога, додека
88.2% од наставниците тоа го права во целост.

9.Дали училиштето има механизам за вклучување на вработените во давање помош и водење грижа за непречено вклучување во наставниот процес на учениците со комбинирани пречки во развојот?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	2	15
/	11.7%	88.2%

Од анкетата може да се забележи 11.7% од наставниците одговориле дека понекогаш училиштето има механизам за вклучување на вработените во давање помош и водење грижа за непречено вклучување во наставниот процес на учениците со комбинирани пречки во развојот, додека пак 88.2% од наставниците тоа го мислат во целост.

10.Дали сите простории во училиштето се безбедни за непречено движење на учениците, вклучувајќи ги и оние со комбинирана попреченост?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	2	15
/	11.7%	88.2%

Од анкетата може да се забележи дека 11.7% од наставниците мислат дека понекогаш сите простории во училиштето се безбедни за непречено движење на учениците, вклучувајќи ги и оние со комбинирана попреченост, додека пак 88.2% тоа го мислат во целост.

11.Дали како наставници изработувате индивидуални образовни планови (ИОП) со цели и содржини прилагодени на индивидуалните потреби и способности на

учениците со комбинирана попреченост?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	1	16
/	5.8%	94.1%

Од анкетата може да се забележи дека 5.8% од наставниците понекогаш изработуваат индивидуални образовни планови (ИОП) со цели и содржини прилагодени на индивидуалните потреби и способности на учениците со комбинирана попреченост, додека пак 94.1% од наставниците тоа го прават во целост.

12.Дали училиштето има механизам за водење грижа за екстерните ученици во случај на потреба од родителот за продолжен престој во училиштето?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	/
/	/	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од наставниците да, секогаш училиштето има механизам за водење грижа за екстерните ученици во случај на потреба од родителот за продолжен престој во училиштето?

Од анализата на одговорите кои се добиени од испитаниците во спроведената анкета може дасе забележи дека 100 % од наставно – воспитниот персонал смета дека училиштето има механизам за заштита на своите ученици од

		насилство, злоупотреба и малтретирање. Голем број од нив, 94.1%, се изјасниле дека на проблемите на учениците, во училиштето се реагира правовремено и на соодветен начин, а 88.2% се изјасниле дека имаат разбирање за емоционалните, физичките и другите потреби на учениците. Скоро 82.3% од наставниците се изјасниле дека , учениците кои се соочуваат со лични проблеми од и во училиштето ја добиваат соодветната поддршка. Во врска со компетенциите за пружање помош и поддршка во случај на емоционална и физичка злоупотреба, 76.4% одговориле дека секогаш ја даваат потребната поддршка, а 23.5% понекогаш се подготвени и ја пружаат истата.. Најголем процент , односно 100 % од испитаниците одговориле дека редовно го следат напредокот на учениците и ги евидентираат нивните достигнувања. Исто така, 70.5% од наставниот кадар смета учениците секогаш добиваат помош и поддршка од стручната служба т.е стручните соработници во училиштето а 29.4 % дале одговор дека ,, понекогаш,,. На своите класни часови и / или во редовната настава 88,2 % од наставниците вршат едукација на учениците за последиците од конзумирање неквалитетна брза храна, пушење, алкохол, дрога. Голем дел од испитаниците , односно 88.2% се изјасниле дека училиштето има механизам за вклучување на вработените во давање на помош и водење грижа за непречено вклучување во наставата на ученици со комбинирани пречки во развојот. По прашањето за водење грижа за екстерните ученици во случај на потреба од родителот за продолжен престој во училиштето, 100% од испитаниците сметаат дека училиштето секогаш има механизам за водење грижа за екстерните

	Членови на тимот Родители	ученици во случај на потреба од родителот за продолжен престој во училиштето. На прашањето кое се однесува на тоа дали сите простории во училиштето се безбедни за непречено движење на учениците вклучувајќи ги и оние со комбинирана попреченост, 88,2 % од испитаниците одговориле дека просториите во училиштето се безбедни, што претставува релативно висок процент. На прашањето кое се однесува на изработувањето на индивидуални образовни планови со цели и содржини прилагодени на индивидуалните способности на учениците со комбинирана попреченост,94.1 % од наставниците одговориле дека секогаш изработуваат, а 5.8 % одговориле дека понекогаш изработуваат индивидуални образовни планови со цели и содржини прилагодени на индивидуалните способности на учениците со комбинирана попреченост.
Анкета за родители		Со цел да се проверат ставовите на родителите на учениците од нашето училиште, а во врска со системот на поддршка на нивните деца кој нашето училиште го гради и развива, спроведена е Анкета за родители, на примерок од вкупно 20 родители. **Легенда:** **1– не , никогаш,**

2 - понекогаш

3 – да,секогаш,

Добиени се следните одговори:

1.Дали вашето дете е згрижено и заштитено во училиштето?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	1	19
/	5%	95%

Од анкетата може да се забележи дека 95% од родителите одговориле дека нивните деца секогаш е згрижени и заштитени во училиштето, а 5 % од родителите одговориле дека нивните деца понекогаш се згрижени и заштитени во училиштето

2.Дали редовно добивате информации за напредокот на вашето дете?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	20
/	/	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од родителите одговориле дека секогаш добиваат иформации за напредокот на нивните деца.

3.Дали раководителот на паралелката ве известува за успехот на вашето дете?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	20
/	/	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од родителите одговориле дека раководителот на паралелката секогаш ги известува зауспехот на нивните деца.

4.Дали раководителот на паралелката ве информира за поведението на вашето дете?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	20
/	/	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од родителите одговориле дека раководителот на паралелката секогаш ги известува за поведението на нивните деца.

5.Дали раководителот на паралелката ве информира за изостаноците на вашето дете?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	20
/	/	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од родителите одговориле дека раководителот на паралелката секогаш ги известува за изостаноците на нивните деца.

6. Дали вашето дете е малтретирано,вознемирувано и дискриминирано во училиштето?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
20	/	/
100%	/	/

Од анкетата може да се забележи дека 100% од родителите одговориле дека нивните деца никогаш не се малтретирани, вознемирувани и дискриминирани во училиштето

7.Дали сте задоволни од грижата и подршката на вашето дете од страна на наставниците?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	20
/	/	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од родителите одговориле дека се секогаш задоволни од грижата и подршката на нивните деца од страна на наставниците.

8. Дали сте задоволни од грижата и подршката на вашето дете од страна на стручната служба?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	4	16
/	20%	80%

Од анкетата може да се забележи дека 80% од родителите одговориле дека се секогаш задоволни од грижата и подршката на нивните деца од страна настручната служба а
20 %од нив одговориле дека се понекогаш задоволни.

9.Дали сметате дека учениците кои се соочуваат со лични проблеми во училиштето добиваат соодветна подршка при што се внимава на доверливоста и достоинството на учениците.

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	2	18
/	10%	90%

Од анкетата може да се забележи дека 90% од родителите одговориле дека учениците кои се соочуваат со лични проблеми секогаш во училиштето добиваат соодветна подршка при што се внимава на доверливоста и достоинството на учениците, а 10% од нив одговориле дека учениците кои се соочуваат со лични проблеми понекогаш во

училиштето добиваат соодветна подршка при што се внимава на доверливоста и достоинството на учениците,

10.На проблемите кои се јвуваат кај учениците училиштето реагира правовремено и на соодветен начин?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	1	19
/	5%	95%

Од анкетата може да се забележи дека 95% од родителите одговориле дека на проблемите кои се јавуваат кај учениците училиштето секогаш реагира правовремено и на соодветен начин а 5% од нив одговориле дека училиштето понекогаш реагира правовремено и на соодветен начин.

11.Дали училиштето ги бара вашите мислења и ги зема во предвид вашите сугестии и интереси?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	2	18
/	10%	90%

Од анкетата може да се забележи дека 90% од родителите одговориле дека училиштето секогаш ги бара нивните мислења и ги зема во предвид нивните сугестии а 10% од нив одговориле дека училиштето понекогаш ги бара нивните мислења и ги зема во предвид нивните сугестии.

12.Дали сте информирани дека во училиштето постои забрана и санкционирање за учениците кои пушат, конзумираат алкохол и наркотични средства?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	20
0%	0%	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од родителите одговориле дека секогаш се информирани дека во училиштето постои забрана и санкционирање за учениците кои пушат, конзумираат алкохол и наркотични средства

13.Дали наставниците и учениците се чувствуваат безбедно во училиштето.

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	20
0%	0%	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од родителите одговориле дека наставниците и учениците секогаш се чувствуваат безбедно во училиштето.
Анализата на дадените одговори од анкетата спроведена со родителите на учениците покажува дека 95% од нив сметаат дека нивното дете е добро заштитено и згрижено во училиштето.Со процент од 100%,родителите се изјасниле дека се информирани од страна на класниот / оделенскиот раководител за напредокот на детето , а 100% се изјасниле дека секогаш се запознаени со изостаноците и поведението на детето.

	Работен тим Ученици од основното и средното училиште	На прашањето кое се однесува на грижата и подршката кои дете го добива од страна на наставниците и стручната служба, 80, % од родителите одговориле дека се секогаш задоволни, 20% дека се понекогаш задоволни. На прашањто пак дали сметаат дека учениците кои се соочуваат со лични проблеми, во училиштето добиваат соодветна поддршка, при што се води грижа за приватноста, доверливоста и достоинството на ученикот 90% од родителите одговориле со ,, да, секогаш,, 10% одговориле ,,понекогаш,, а пак ниеден испитаник не одговорил негативно односно со ,, не, никогаш,, додека пак 95 % оговориле дека училиштето секогаш реагира правовремено и на соодветен начин на проблемите кои се јавуваат кај учениците, а 5 % дале одговор ,, понекогаш,,.На прашањето ,,Дали училиштето ги бара вашите мислења и ги зема предвид вашите сугестии и интереси?,, 90 % од родителите одговориле со ,, да, секогаш,, 10 % одговориле ,, понекогаш,, а ниеден испитаник не се изјасниле со ,, не , никогаш,, На прашањето дали се информирани дека во училиштето постои забрана и санкционирање за учениците кои пушат, конзумираат алкохол и наркотични супстанци, 100% од родителите одговориле со ,, да, секогаш“. Во процесот на евалуација на подрачјето за поддршка на учениците, беше спроведена и анкета со учениците за да се утврди дали и колку учениците се чувствуваат сигурни, заштитени, поддржани од училиштето. Беа анкетирани 20 ученици од основното и средното образование. 40%(8) од учениците се од основно училиште, а 60%(12) од средно. 40% (8) од анкетираните се од женски пол а 60%(12) од машки. 65% (13) од анкетираните се од македонска националност, 30%(6) од

Анкета за ученици		албанска и 5%(1) од бошњачка. Структурата на анкетираните ученици по пол и етничка припадност е дадена во следната табела:

Основно образование		машки	женски	**вкупно**
	Македонци	/	2	2
	Албанци	4	1	5
	Бошњаци	1	/	1
	Власи	/	/	/
	Вкупно	5	3	**8**
		машки	женски	**вкупно**
	Македонци	6	5	11
	Албанци	1	/	1
	Бошњаци	/	/	/
	Власи	/	/	/
	Вкупно	7	5	**12**
Вкупно		**12**	**8**	**20**

Легенда:

1– не , никогаш,

2 - понекогаш

3 – да,секогаш,

Учениците ги дадоа следните одговори:

1.Дали на проблемите на учениците во училиштето се реагира правовремено и на соодветен начин?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	4	16
/	20%	80%

Од анкетата може да се забележи дека 80% од учениците одговориле дека училиштето секогаш реагира правовремено и соодветно на нивните проблеми, а 20% од нив одговориле дека училиштето понекогаш реагира правовремено и соодветно на нивните проблеми.

2.Дали сметате дека за време на пандемијата со Корона вирусот од страна на училиштето се спроведуваа соодветни мерки и протоколи за ваша заштита ?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	1	19
/	5%	95%

Од анкетата може да се забележи дека 5% од учениците одговорија со понекогаш се спроведуваа заштитни мерки за време на Корона вирусот , а 95% одговорија со да,секогаш.

3.Дали училиштето препознава знаци и ги штити учениците од насилство, злоупотреба и малтретирање ?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	4	16
/	20%	80%

Од анкетата може да се забележи дека 20% од учениците одговорија со понекогаш училиштето препознава знаци и ги штити учениците од насилство, злоупотреба и малтретирање а 80% со да, секогаш.

4.Дали училиштето ве запознава со ризиците од пушење, конзумирање на алкохол и употреба на наркотични средства?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	6	14
/	30%	70%

Од анкетата може да се забележи дека 30% од учениците одговорија со понекогаш училиштето ги запознава со ризиците од пушење, конзумирање на алкохол и употреба на наркотични средства а 70% со да секогаш.

5.Доколку се соочувате со лични проблеми дали училиштето ви овозможува индивидуална подршка во потполна приватност ?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	3	17
/	15%	85%

Од анкетата може да се забележи дека 15% од учениците одговорија со понекогаш училиштето овозможува индивидуална подршка во потполна приватност при соочување со лични проблеми, а 85% со да секогаш.

6.Училиштето има разбирање за емоционалните, физичките и другите потреби на учениците.

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	5	15
/	25%	75%

Од анкетата може да се забележи дека 25% од учениците одговорија со понекогаш училиштето има разбирање за нивните емовионални, физички и други потреби а 75% со да секогаш.

7.Дали си задоволен од подршката на наставниците кон учениците?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	5	15
/	25%	75%

Од анкетата може да се забележи дека 25% од учениците се понекогаш задоволни од подршката на наставниците, а 75% се секогаш задоволни одподршката на наставниците.

8.Дали сите простории во училиштето се безбедни за непречено движење на учениците?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	6	14
/	30%	70%

Од анкетата може да се забележи дека 30% од учениците сметаат дека понекогаш сите простории во училиштето се безбедни за нивно непречено движење, а 70% со да секогаш.

9.Училиштето и наставниците ме едуцираат за конзумирање на здрава храна.

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	/	20
/	/	100%

Од анкетата може да се забележи дека 100% од учениците сметаат дека училиштето и наставниците ги едуцираат за конзумирање на здрава храна.

10.Наставниците редовно го евидентираат и следат напредокот на учениците.

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	1	19
/	5%	95%

Од анкетата може да се забележи дека 5% од учениците одговорија со понекогаш

наставниците редовно го евидентираат и следат нивниот напредок,а 95% со да секогаш.

11. Дали стручните соработници им даваат подршка на учениците и родителите ?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	8	12
/	40%	60%

Од анкетата може да се забележи дека 40% од учениците одговорија со понекогаш стручните соработници им даваат подршка на учениците и родителите а 60% со да секогаш.

12.Училиштето ми помага да донесам одлука за идната професија врз основа на моите способности и интереси?

не,никогаш	понекогаш	да,секогаш
/	5	15
/	25%	75%

Од анкетата може да се забележи дека 25% од учениците одговорија со понекогаш училиштето ми помага да донесам одлука за идната професија врз основа на моите способности и интереси а 75% со да секогаш.

Резултатите од анкетата со учениците укажуваат на фактот дека 80% од учениците се задоволни од начинот на кој правовремено и соодветно се реагира на нивните проблеми. Голем процент (95 %) се задоволни од начинот на спроведување на заштитните мерки од страна на училиштето, протоколите и превенцијата за време на пандемијата со Корона вирусот. Училиштето

		препознава знаци и ги штити учениците од насилство на задоволително ниво. Голем дел од анкетираните ученици , односно 70 % се изјасниле дека училиштето води сметка за едукација на учениците за последиците од злоупотреба на алкохол,дрога и пушење, 30% дале одговор ,, понекогаш,,. Во случај кога се соочуваат со личен проблем, 85% од анкетираните ученици одгвориле дека секогаш во училиштето добиваат соодветна поддршка, при што се почитува индивидуалноста, приватноста и достоинството на ученикот. Според 75% од учениците училиштето секогаш има разбирање за нивните емоционални,физички и други потреби. Голем дел од учениците , односно 75 % одговориле дека секогаш имаат помош од наставниците при потешкотии во учењето и секогаш им се достапни за да им помогнат. Има поделени мислења околу безбедноста на просториите во училиштето за непречено движење во текот на наставата, односно 70% одговориле дека безбедноста е секогаш на високо ниво 30% одговориле ,, понекогаш,,.. Сите анкетирани ученици (100%) сметаат дека во училиштето во континуитет се реализира едукација за здрава храна. Голем дел од анкетираните ученици ,односно 95% се задоволни од начинот и континуитетот на евидентирање и следење на нивниот напредок. 40% од учениците одговориле со „понекогаш„ во однос на прашањето за подршкатата на стручните соработници на учениците и родителите. По однос на прашањето колку учениците добиваат совети и информации од училиштето за тоа што треба да прават по завршувањето на училиштето, за идната професија врз основа на нивните способности и интереси 25% се изјасниле дека тоа се случува понекогаш, а 75% од учениците се изјасниле дека такви совети и информации добиваат секогаш.

Резултати
Клучни јаки страни • Однос наставник - ученик • Обезбедено сместување во ученичкиот дом • 24 часовна континуирана грижа и надзор на учениците • Континуирани мерки и активности за заштита и безбедност на учениците • Водење на целосна и квалитетна евиденција и Педагошка документација за секој ученик • Достапност на педагошката документација и континуиран увид на родителите за постигнатиот успех, редовност и поведение • Соработка со родители • Во училиштето нема дискриминација по основа на пол, возраст и етничка припадност
Слабости • Недостаток на понуда на дополнителни услуги кои спаѓаат повеќе во подрачјето на рехабилитацијата (кабинет за псохомоторна реедукација, кабинет за визуелна стимулација, кабинет за проценка на видот) • Непостоење на база на податоци на национално ниво за деца со оштетен вид

Анализа на резултатите

Увидот направен во документацијата, анализите на сите спроведени анкети и прашалници упатува на заклучокот дека во училиштето се обезбедени сите неопходни услови за образование, стручно и работно оспособување на учениците со оштетен вид. Покрај основната дејност, неизбежна е и потребата за обезбедување на други форми на поддршка на децата со оштетен вид кои спаѓаат во полето на рехабилитацијата (рана интервенција, визуелна стимулација, животни вештини, поддршка на инклузирани ученици, преквалификација или доквалификација на подоцна ослепени. Од овие причини е потребна реорганизација на нашето училиште со нудење на нови дополнителни услуги, надвор од формалното образование. Како голем проблем со кој се соочуваме години наназад е непостоење на еден единствен централен регистар на евиденција на деца со оштетен вид, со што и покрај сите наши напори и контакти со ЦСР, Сојузот на слепи и офталмолошките клиники не успеваме навреме да ги откриеме и вклучиме сите семејства и деца на кои им е потребна стручна помош. Во рамките на училиштето е обезбедено и сместување на учениците кои доаѓаат од внатрешноста во ученичкиот дом со што се обезбедува можност за реализирање на правото на детето со оштетен вид да се развива, расте и учи во средина подготвена и организирана да одговори на неговите можности и потреби. Тоа значи дека во училиштето се обезбедени услови во функција на заштита на видот и задоволување на индивидуалните образовни потреби преку индивидуализирање на наставно- воспитниот процес и користење на специфични наставни средства и помагала. Во наставно-воспитниот процес големо внимание се посветува на почитување на личноста на ученикот, неговите индивидуални способности и интереси. Се вложуваат напори односот наставник- ученик да биде пријателски, да се гради врз основа на меѓусебна доверба и разбирање. Поради оддалеченоста на ученикот од своите родители и семејство во поголем дел од годината, многу е важна и советодавната работа на наставно-воспитниот персонал, како и препознавање и разбирање за емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците. Обезбедена е 24 часовна континуирана грижа и надзор на учениците, слободното време на учениците во попладневните часови и за време на викендите е исполентео со систематизирани и однапред планирани активности. Постои организациска поставеност на наставно- воспитниот персонал за добивање

примарна, комплетна и детална слика за ученикот што понатаму подразбира и организирање на квалитетен наставно- воспитен процес и поддршка на секој ученик, во текот на кој ученикот континуирано се развива во склад на неговите индивидуални можности и способности. Уште во првата фаза се вложуваат напори родителот да се вклучи како активен член на тимот иако понекогаш се соочуваме со проблемот на нецелосни податоци и нереална слика кои родителите (од објективни или субјективни причини) ги даваат за своите деца. Квалитетна поддршка на ученикот подразбира и поддршка на целото семејство. Со таа цел уште со првите контакти родителите на ученикот се информираат и упатуваат во други организации и установи во кои тие и нивното дете можат да добијат дополнителна помош од други стручни лица или пак да остварат социјални или економски права. Може да се забележи недоволно ангажирање на ЦСР при детекцијата на ученици за упис во нашето училиште, како и во однос на ефикасно решавање на правата од социјално- економски карактер. Во текот на школувањето на секој родител му е достапна педагошката документација и има континуиран увид во постигнатиот успех, редовност и поведение на своето дете. Поради оддалеченоста на родителите, покрај родителските средби се користат и други форми за информирање по писмен пат, телефонски и сл. Превентивно и континуирано се делува од страна на наставно- воспитниот персонал, стручната служба и сите други ангажирани страни во однос на сексуалното воспитување, заштита од сексуално преносливи болести и зависност и насилство од секаков тип. Исто така постои подготвеност од истите за брза и ефикасна интервенција во ситуација на ментална, физичка, емоционална злоупотреба и воспитна запуштеност. Во рамки на ученичкиот дом вработени се негувателки чија задача е континуирано да го следат здравјето на учениците, да водат сметка за хигиената кај учениците, стекнување навики при исхрана, згрижување на учениците од одделенска настава по завршување на часовите, да даваат терапија и организираат и спроведуваат индивидуални и групни прегледи по потреба или периодични систематски прегледи. При тоа, наидуваме на следните потешкотии: нерегулирано здравствено осигурување, оддалеченост од местото на живеење каде се наоѓаат матичните лекари- со самото тоа неможност да се земе упат за специјалистички прегледи. Финансиските трошоци при овие здравствени интервенции кои не се покриваат по ниеден основ од страна на

финансиерот, мора да ги покрива училиштето. Неможност да примениме критериуми и рангирање (успех и способност) при изборот на професија во средното стручно образование произлегува од многу малиот број на ученици и законските ограничувања по тој основ. Со тоа сме принудени да ги запишуваме учениците во одделните струки само според желбите на родителите и учениците, што повлекува спуштање на критериумите во самиот наставен процес и истовремено намалување на квалитетот на кадарот кој треба да си го најде своето место на пазарот на трудот.
Идни активности ➢ Изнаоѓање на нови и поинакви форми на активна вклученост на родителите во целокупната работа на училиштето ➢ Проширување на постоечката дејност на училиштето преку воспоставување на нови форми на делување-нови дејности како во делот на рехабилитацијата – рана интервенција, визуелна стимулација, браево описменување на покасно ослепени, така и во делот на стручното средно образование – реални компании, преквалификација.

9. ПОДРАЧЈЕ 5 : УЧИЛИШНА КЛИМА

Оддели во рамките на подрачјето:

5.1 Училишна клима и односи во училиштето

5.1.1. Углед/имиџ на училиштето

5.1.2. Кодекс на однесување

5.1.3. Училишна клима

5.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето

5.1.5. Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми

5.2 Промовирање на постигнувањата

5.2.1.Промовирање на личните постигнувања на учениците

5.2.2.Промовирање на постигањата во име на училиштето

5.3 Еднаквост и правичност

5.3.1. Познавање на правата на децата

5.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици

5.3.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

5.4.1. Соработка на училиштето со родителите

5.4.2. Соработка со локалната заедница

5.4.3. Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор

Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). **Обработка на документи**	
Наведете ги сите документи кои се прегледани.	**Кои информации се собрани?**
• **Училишна клима и односи во училиштето:**	**Углед/имиџ на училиштето**

Годишна програма на училиштето	Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид “Димитар Влахов”– Скопје, работи според Годишната програма за работа која е одобрена од основачот, Министерството за образование и наука и која е усвоена од Наставничкиот совет и Училишниот одбор. Основа за изработка на Годишната програма за работа на училиштето е креирање на позитивна училишна клима и зајакнување на воспитно-образовната функција на училиштето како единствена специјализирана установа наменета за рехабилитација и едукација на деца и младинци со оштетен вид на ниво на целата држава. Посебно внимание се посветува на воспитниот процес, развивање на убаво однесување, солидарност, толеранцијата и соработката помеѓу сите субјекти. Основна цел и задача на училиштето е да едуцира и рехабилитира деца и младинци со оштетен вид до степен на осамостојување за професионален и личен живот. Крајната цел е интеграција на овие ученици во сите сфери на општественото живеење и делување. Сето ова се постигнува преку заедничкото делување во сите облици на работа во училиштето – наставата, слободните ученички активности и општествено - корисна работа. Методите со кои се работи се прилагодени на потребите кои произлегуваат од психофизичките способности на учениците. Тука спаѓаат специфични образовни форми и методи што најдобро соодветствуваат на образовните потреби на слепите и слабовидните ученици, како и учениците со комбинирани попреченості. Се грижиме за здравјето и безбедноста на учениците, унапредување на интелектуалниот, емоционалниот, социјалниот, моралниот и физичкиот развој на сите ученици, ги негуваме родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја зајакнуваме партиципацијата на родителите во училиштето, учениците и заедницата во училишниот живот. Ние сме училиште во кое се негува меѓусебна почит, еднаквост, мотивираност и етничка толеранција.

Годишен извештај за работата на училиштето	Со цел континуирано унапредување и осовременување на работата на училиштето, во изминатиот период преземени се следните активности: - Уредување на училишниот двор и Сензорната градина – 6.11.2020 - Хортикултурно уредување на просторот околу управната зграда – 3.2.2021 - Поставување клупи и корпи за отпадоци околу влезот на основното училиште. – 28.6.2021 - Светлосно уредување на училишниот двор – 2.12.2021 - Набавка на спортски реквизити преку донација од Националната установа – Музеј на Република Северна Македонија – 10.2.2022 - Хортикултурно уредување на училиштето – Засадување ароматични билки – 21.3.2022 - Набавка на лента за трчање за потребите на спортската сала, преку донација од Лајонс клуб – Вардар – 19.5.2022
Куќен ред на училиштето	Куќниот ред на училиштето е истакнат на видно место, во холот на училиштето и во ученичкиот дом и истиот се почитува. За негово спроведување во училиштето се реализираат и дежурства од негувателки кои се грижат за почитувањето на куќниот ред.
Кодекс на однесување на учениците	**5.1.2 Кодекс на однесување** Училиштето поседува Кодекс на однесување за учениците, за наставниците и стручни соработници, за родители и со нив се запознаени сите структури во училиштето. Кодексот на однесување дава јасна слика за положбата и улогата на наставниците и учениците како субјекти во воспитно-образовниот процес, во училиштето и општеството. Кодексот поттикнува однесување на субјектите за создавање безбедна и сигурна училишна средина, без дискриминација, психичко и физичко малтретирање, креаира позитивна училишна клима заснована на меѓусебно почитување, соработка, непречено и

Кодекс на однесување на наставниците	квалитетно реализирање на наставниот процес, како и заштита на угледот и имотот на училиштето. Во кодексот за наставниците се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално-етичкото однесување на наставниците. Тој ги содржи основните норми и начела на наставниците, односот меѓу наставникот и општеството, наставникот и професијата, наставникот и ученикот, наставникот и родителот и наставниците меѓу себе. Кодексот за учениците содржи основни норми и начела, права и одговорности на учениците, однесувања кои нема да се толерираат, одговорности на наставниците, родителите и завршни одредби. Во училиштето се изработени и голем број документи кои содржат правила на однесување за одредени специфични ситуации, подрачје или група. Во училиштето постои правилник за пофалби, награди и педагошки мерки со кои се пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот на однесување на учениците и вработените , и истите ги спроведува по потреба.
Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки за учениците	Училиштето има потпишано меморандум за соработка со следните училишта: - Американски совети за меѓународно образование - Скопје - МО ЕАСП-Здружението за општествена акција, едукација и превентива Скопје Целта на протоколот е подобрување на квалитетот на животот во училиштето. Нашите ученици, нивните родители и вработените се чувствуваат безбедно и сигурно. Протоколот дава насоки за воспоставување безбедност и постапување во случаи на насилство во согласност со Конвенцијата за правата на децата, Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за просветна инспекција и подзаконските акти кои овозможуваат заштита на правата на децата. Насоките имаат за цел создавање на здрава

Меморандуми за соработка со други училишта Протокол за заштита и постапување со учениците во случаи на насилство, злоупотреба и занемарување Програма за професионална ориентација	и безбедна училишна средина ослободена од насилство која стимулативно делува на психо-социјалниот и емоционалниот развој на сите ученици. Во учебните 2020/2021 и 2021/2022, наставничкиот кадар, стручните соработници и Директорот посетуваа обуки, согласно потребите на наставниците, зголемување на компетенциите и знаењата, како и самоусовршување. Наставниците постојано имплементираат новини во наставата, се едуцираат за примената на наставната технологија и законските прописи. Стручните соработници во училиштето работат на надминување на предизвиците во училницата, помагаат во решавање конфликти и за сето тоа ги следат позитивните законски прописи преку кои се информираат за новините во законодавството од областа на образованието и сродните области. Согласно одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците, а имајќи ги во предвид специфичните карактеристики, потреби и барања кои произлегуваат од визуелниот хендикеп на нашите ученици, училиштето планираше и организираше ученички излети преку кои учениците со оштетен вид совладуваат, прошируваат и конкретизираат знаења стекнати во текот на наставата, стекнуваат нови искуства во функција на правилниот психофизички развој, формираат правилна и целосна претстава за просторот во кој се движат, развиваат работни навики и градење позитивен став кон самостојно движење. Една од главните и приоритетни цели на нашето училиште е континуирано подобрување на условите за учење – материјално и технички, како и престојот на учениците во училиштето и ученичкиот дом. За таа цел во континуитет преку контакти, воспоставена соработка со државни и меѓународни институции,невладини организации, училиштето добива донации во финансиски средства и опрема наменети за непречено одвивање на наставата, подигнување и подобрување на квалитетот на наставниот процес,

Програма за училишни екскурзии Програма за соработка со локална средина	подобрување на условите во училиштето и ученичкиот дом. Плод на таа соработка е набавка на опрема за потребите на училиштето, подобрување на условите во ученичкиот дом, обезбедување на финансиски средства- преку организација новогодишен базар- кои повторно се искористени за набавка на средства и опрема за училиштето и ученичкиот дом. Во делот на реализација на практичната настава од графичката струка, оргнизирани и реализирани се посети на производствени компании од овој сектор каде учениците се запознаваат со процесот на производство- средства, машини, уреди и апарати, условите за работа и начинот на работа, управување со апаратурата.Во делот на реализацијата на практичната настава од предметите во Сообраќајна струка, организирани се и реализирани посети на кол – центри при министерството за труд и социјална политика, при што учениците имаат можност да се запознаат со техничките услови, компјутерските технологии и начинот на кој работат истите. Во постигнување на својата општа цел и посебните воспитно – образовни цели, училиштето има воспоставено континуирана соработка со повеке невладини организации: Училиштето соработува и со бројни хуманитарни организации и фондации. Посебно за истакнување е сорботката меѓу нашето училиште и Црвениот крст на Скопје и Црвениот крст на РМ како хуманитарни организации со кои имаме потпишано и Меморандум за соработка. Училишниот одбор ги разгледува и усвојува предлог програмите за работа на училиштето на почетокот на учебната година и предлог извештајот за работата на училиштето на крајот на учебната година.

Записници од одржани состаноци на Училишен одбор Записници од одржани состаноци на Наставничкиот совет Статут на училиштето	Од увидот во записниците од одржаните состаноци на наставничкиот совет се заклучува дека во континуитет се следи работата на учениците во наставните и воннаставните активности. Согласно Статутот на училиштето, предвидените правила се почитуваат и се спроведуваат обврските и правата на сите засегнати страни во воспитно-образовниот процес. Веб-страницата на училиштето е во изработка. На веб-страницата е предвидено редовно да се ажурираат постигнувањата на учениците, учество во проекти, потпишување меморандуми, информации во врска со упис на ученици, информации за испити и термини за истите и други актуелни настани поврзани со работата на училиштето. Во континуитет, речиси на секојдневно ниво се ажурира Фејзбук страницата на училиштето. Редовно се објавуваат информации за постигнувањата на учениците на натпревари, проекти, соработка со општествената заедница и слично. Е-дневникот на училиштето редовно се потполнува. Наставниците својата обврска за следење на напредокот на учениците ја евидентираат во е-дневникот. Во е-дневникот, на дневно ниво се внесуваат наставните единици. Постои развиена соработка со општествената средина која се остварува преку реализирање на бројни заеднички проекти, обуки, посети на стопански субјекти, склучување на договори за соработка, предавања и работилници за учениците од областа на безбедност, спречување на насилство, здравствена едукација, учество на манифестации, активности од Црвен крст, организирање на манифестации во училиштето, учество на натпревари од разни области, активности во рамки на екологија, мултикултурализмот и друго. Училиштето реализира манифестации и натпревари од различни области, учествува на натпревари на училишно, општинско, градско, регионално,

Веб-страница на училиштето Фејзбук страна на училиштето Е-дневник Педагошка евиденција и документација- за општествено корисна работа, за јавно културна дејност, за педагошки мерки	државно и меѓународно ниво. Училиштето е вклучено и во меѓународни проекти во соработка со националната агенција за европски образовни програми и мобилност **5.1.3 Училишна клима** Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар. Климата во училиштето се базира на воспоставени добри односи помеѓу наставниците, родителите и учениците, потикнување на другарство и соживот помеѓу учениците и вработените. Наставниот кадар ужива добар углед кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играт важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што може да се забележи од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици без оглед на способностите, род, етничка припадност и вера, се чувствуваат прифатени од возрасните и од соучениците. Дисциплината во училиштето е на високо ниво. Постои работна атмосфера за време на часовите и воннаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците во училиштето и во ученичкиот дом. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на наставата или на одморите.

Анкети за родители Анкети за наставници Анкети за ученици Интервју со стручната служба	**5.1.4 Поведение и дисциплина во училиштето** Воспитно образовниот процес се одвива според кодексите за однесување на учениците, наставниците и родителите во чија изработка се вклучени сите структури, а се донесени во согласност со законите за основно и средно образование. Дисциплината на учениците за време на наставата, воннаставните активности и слободното време во ученичкиот дом е на високо ниво. Во текот на учебните 2020/21 год. и 2021/22 год. дисциплината на учениците во основното училиште, средното училиште и ученичкиот дом е на многу високо ниво. Високото ниво на поведение и дисциплина на учениците се должи и на превентивната работа на наставно-воспитниот персонал, стручната служба и негувателките. При идентификување на одреден проблем со дисциплината или однесувањето, училиштето презема превентивни мерки преку разговори во кои по потреба се вклучени сите структури на училиштето, прави обиди да ги лоцира причините за таквото однесување, притоа тесно соработува со родителите и соодветните институции-ЦСР, Завод за ментално здравје и слично. Кога ќе се применат сите превентивни мерки, а пролемот е се уште актуелен, се започнува со процедура за изрекување на сооодветна педагошка мерка. Постои педагошка евиденција за изречени педагошки мерки во досиејата на учениците при што раководителите на паралелките се водат по донесените правилници за оваа област. Раководителите на паралелките го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки. Навремено и постапно се изрекуваат педагошките мерки. Педагошките мерки се запишани во дневник, има записници во досието на ученикот **5.1.5. Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми**

	Училишната заедница учествува во донесувањето одлуки и решавање проблеми во текот на наставниот процес. Учениците се информирани за работи кои се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавање на проблеми и прашања кои се релевантни за нивниот живот преку разговори со релевантните структури во училиштето. Училишната заедница партиципира во донесувањето одлуки и решавање проблеми во текот на наставниот процес.
5.2. Промовирање на постигањата Годишна програма за работа на училиштето Изложени трудови на учениците Пофалници, награди, дипломи Медиумско промовирање на постигањата на учениците Фејзбук страна на училиштето	**5.2.1. Промовирање на личните постигања на учениците** За да ги промовира личните постигнувања на сите ученици, училиштето врши нивно максимални ангажирање во сите училишни и вонучилишни активности, натпревари, учество во ТВ емисии, проекти на локално и меѓународно ниво. Учениците се ангажираат во согласност со своите психофизички можности, способности и интереси и ги изразуваат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. Училиштето ги поттикнува наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успеси на различни натпревари и манифестации. На ѕидовите во училишниот хол и ходниците има истакнато благодарници, дипломи и признанија, на видно место истакната е витрина со освоени пехари и медаљи од учество на натпревари и манифестации. Учениците се вклучени во активности кои ги прават посебно горди на своето училиште, и тоа: - учество во приредби и манифестации со музички настапи со различни поводи, - учество во спортски натпревари во: гол бал, шах, игри без граници

Анкети за ученици Анкети за родители Анкети за наставници Процедура за награди, пофалби и педагошки мерки	- учество на ликовни конкурси - учество на литературни конкурси, - организирање на различни предавања и дебати, - учество во еко квиз, натпревари во знаење, ученичка квизотека, - при тоа се развиваат односите на почитување, соработка и толеранција меѓу сите ученици и наставници. **5.2.2. Промовирање на постигањата во име на училиштето** Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и според наставните предмети. Прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај за својата работа, ги промовира постигнатите резултати од натпреварите. Училиштето во изминатиов период редовно вршеше медиумско промовирање на постигањата на учениците и афирмација на училиштето и тоа преку својата фејзбук страница и учество во повеќе телевизиски емисии .
5.3 Еднаквост и правичност Брошура за правата на децата од ООН	**5.3.1. Познавање на правата на децата** Училиштето ги информира учениците за сите акти, преку брошури и друг материјал во кои се промовираат правата на децата и човековите права. Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Во ДУРДМОВ “Димитар Влахов”, наставно–воспитниот кадар, стручната служба и раководниот кадар во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и можат да идентификуваат случаи на нивно нарушување во пракса. Училиштето има изработено Протокол за заштита на децата/учениците од насилство, злоупотреба и запоставување во училиште и истиот е јавно истакнат во канцеларијата на наставниците.

Педагошка евиденција во однос на вклученост на учениците во воннаставни активности Анкети за наставници Анкети за родители Анкети за ученици Интервју со стручна служба	Исто така, се интегрирани содржини против насилство на одделенските/класните часови, на психолошките работилници и тековните активности на ученичката заедница согласно изготвениот Протокол за заштита на децата од насилство од страна на стручната служба. Училиштето во рамките на целокупното работење спроведува активности и презема иницијативи за поголема безбедност на учениците. Тимот за превенција од насилство во училиштето, во соработка со стручната служба и директорот одржува редовни разговори со ученици, родители и наставници и организира секојдневни дежурства од страна на ученици и наставници. Исто така, се користи секоја можност за понатамошна обука на сите структури во училиштето во полето на правата на децата и нивна заштита од насилство, злоупотреба и запоставување. Родителите се запознаени со правата на децата преку бројни документи кои се јавно истакнати во просторијата за родители во која секојдневно престојуваат. Со цел за подобро познавање на сопствените права и начините на нивно практикување со учениците, покрај секојдневните, индивидуални разговори и советување, се организираат работилници од страна на психологот преку кои директно или индиректно се разработуваат теми од ова поле во согласност со нивната возраст, способности и интереси. **5.3.2 Еднаков и правичен третман на сите ученици** Училиштето ДУРДМОВ “Димитар Влахов”, позитивно ја вреднува и промовира етничката, културната, јазичната и секоја друга различност меѓу учениците и вработените во училиштето. Меѓуетничка интеграција се спроведува преку дневните подготовки за наставните часови и реализација на наставни содржини по дадени наставни предмети, а особено во подготовките на одделенските/класните часови, предавањата на Еко одборот и реализирање на планираните активности од полето на екологијата, за време на

	воннаставните активности, за време на часовите на слободни занимања во воспитната работа и секако преку активностите на Тимот за меѓуетничка интеграција со свој акциски план во Годишната програма. Воннаставните активности дозволуваат поголема слобода во можностите на изразување на сопствената индивидуалност во рамките на култураната или етничка припадност преку настап на приредби, во рамките на слободните ученички активности, реализирање на спортско-рекреативни активности во етнички/културно мешани групи, за време на есенскиот и пролетниот излет, заеднички посети на различни културно-забавни манифестации, се организраат заеднички прослави, се одбележуваат верски празници. Меѓутоа, најзначаен момент во успешноста на училиштето во промоција и спроведување на мултикултурализмот и сите негови придобивки е неформалното дружење на учениците, но и нивните родители во текот на одржувањето на наставата и на одморите, како и постојаниот престој на учениците во ученичкиот дом во текот на наставната година каде покрај наставата и воннаставните активности во претпладневните часови, заедно го поминуваат и своето слободно време во попладневните и вечерните часови. **5.3.3 Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот** Мултикултурализмот на нашето општество бара училиштата да го промовираат развивањето на вредностите на учениците за задничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање на свест кај учениците за своето културно потекло, а исто така, и за поттикнување на интересот за запознавање на културата и културното наследство на другите заедници. Што е мултикултурно образование?

	• Експонирање на сите ученици на содржини преку кои се запознаваат со културата на другите за да се овозможи малцинските култури да учат и за себе, а мнозинските да учат и за нив. • Целта е да се обезбеди почитување на другите преку запознавање на нивната култура. • Се внесува преку содржини (вербални и сликовни) од областа на историјата, литературата, музиката, ликовната уметност и сл. Нашето училиште, планира голем број различни активности, меѓу кои некои се спроведуваат на ниво на училиште, а други се реализираат помеѓу партнерски училишта со различен наставен јазик. Заеднички наставни активности • Заеднички часови (на пример по странски јазик, физичко и здравствено образование, ИКТ и/или ликовна уметност) • Проектни активности во рамки на редовните предмети • Слободни часови во стручното училиште Краткотрајни воннаставни заеднички акти краткотрајни воннаставни заеднички активности • Екскурзии, излети и посети • Гостувања и меѓусебни посети • Приредби и прослави • Матурски/полуматурски и други забави • Забави и други социјални настани • Еколошки акции • Настани на заедницата/општината/ Град Подолготрајни воннаставни заеднички активности • Слободни ученички активности-секции (драмска секција, хор, оркестар и др.), спортски тимови

	• Хуманитарни активности во заедницата и сл. Мултикултурализмот во нашето училиште е поддржано од наставниците, родителите и учениците што може да се види и од резултатите добиени од спроведените анкети. Исто така, по направениот увид во педагошката документација, и документацијата на стручната служба може да се заклучи дека во текот на изминатиот период нема инциденти, конфликти во однос на етничка/културна припадност.
5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница Извештај за работа на училиштето Записници од совет на родители и родителски средби	**5.4.1 Соработка на училиштето со родителите** Во ДУРДМОВ "Димитар Влахов", остварувањето на партнерството и заедничките интеракциски односи меѓу училиштето и родителите/старателите се остварува низ различните форми и активности како што се: - индивидуални разговори со родителите; - родителски состаноци по паралелки; - општи родителски состаноци, - групно советување на родители, - Советот на родители зема активно учество преку претставници во Училишниот Одбор. Наставно-воспитниот кадар програмски планира и реализира одреден број на родителски средби во текот на наставната година на кои квартално се разгледува успехот, поведението, редовноста на ниво на паралелката. За ова прашање спроведена е анкетата меѓу родителите во училиштето. По потреба родителите можат да престојуваат во ученичкиот дом како придружба на ученик во период на адаптација или пак при решавање на одредени прашања или проблеми кога присуството на родителот е неопходно. Ова произлегува од потребата училиштето да се прилагоди на потребите и времето на родителот особено на оние родители кои живеат и

	работат во други градови, а нивните деца, ученици во училиштето се сместени во ученичкиот дом во текот на наставната година.
Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор	Покрај овие основни форми на соработка со родителите, се остваруваат и други активни форми за анимирање на родителите и нивно вклучување во повеќе сегменти од работата на училиштето. Учеството на родителите во училиштето се одвива на повеќе начини и тоа преку Советот на родители кои за своите активности треба да изготват програма за работа која се усвојува на почетокот на учебната година. Советот на родители одржува редовни состаноци после секое тримесечие со цел да се информира за постигнатиот успех и поведение од изминатиот квартал како и за други тековни активности на училиштето. Родителите имаат можност да даваат свои сугестии предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето со цел подобрување на условите за работа.
Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културна дејност	Родителите се вклучени и во самиот процес на учење непосредно со нивното право да даваат мислење и сугестии за дополнување и изменување на планирањата на училишните програми. Родителите земаат учествуво во голем број активности предвидени со акциониот план од Тимот за Соработка со родители како и акционите планови на останатите тимови. По повод наближување на новогодишните празници во нашето училиште се организираше активност на новогодишно уредување на училиштето. Новогодишен базар и самостојни изработки на новогодишни честитки, заедничка изработка на новогодишни честитки- ученици. По повод одбележување на Денот на белиот стап, во нашето училиште се организира шаховски натпревар меѓу ученици и родители. Оваа активност помина со многу позитивни емоции и пријатна атмосфера за учениците и родителите.

	Исто така, во текот на учебна година, Тимот за соработка со родители, во соработка со родители на ученик од нашето училиште реализираше предавање и запознавање со придобивките на медот како здрава храна и запознавање со важноста на пчелите во еко системот на планетата. За вклучување на сите ученици и родители во предавањето, учениците самостојно изработуваа пчели од пластелин, конзумираа различни видови мед, пишуваа литературни творби за медот. Родителите заедно со учениците и наставно-воспитниот кадар, со цел одбележување на верските празници Велигден и Рамазан Бајрам, подготвуваа традиционални јадења, во духот на празниците. Родителите преку Совет на родители и Училишен одбор, со своите ставови и мислења, учествуваат во донесување на одлуки кои се важни за животот и работењето на училиштето. **5.4.2 Соработка со локалната заедница** Една од главните и приоритетни цели на нашето училиште е континуирано подобрување на условите за учење – материјално и технички, како и престојот на учениците во училиштето и ученичкиот дом. За таа цел, во континуитет преку контакти, воспоставена соработка со државни и меѓународни институции, невладини организации, училиштето добива донации во финансиски средства и опрема наменети за непречено одвивање на наставата, подигнување и подобрување на квалитетот на наставниот процес, подобрување на условите во училиштето и ученичкиот дом. Плод на таа соработка е набавка на опрема за потребите на училиштето, подобрување на условите во ученичкиот дом, обезбедување на финансиски средства преку донации кои повторно се искористени за набавка на средства и опрема за училиштето и ученичкиот дом.

	Во делот на реализација на практичната настава од предметите во Сообраќајна струка, организирани се и реализирани посети на кол – центри при министерството за труд и социјална политика, при што учениците имаат можност да се запознаат со техничките услови, компјутерските технологии и начинот на кој работат истите. Во постигнување на својата општа цел и посебните воспитно – образовни цели, училиштето има воспоставено континуирана соработка со повеке невладини организации: Училиштето соработува и со бројни хуманитарни организации и фондации. Посебно за истакнување е сорботката меѓу нашето училиште и Црвениот крст на град Скопје и Црвениот крст на Република Северна Македонија како хуманитарни организации со кои имаме потпишано и Меморандум за соработка. **5.4.3. Соработка со деловната заедница и социјалните партнери** Соработката со деловната заедница и социјалните партнери води до развој на партнерски односи со надворешните организации и институции, здруженија и стручни институции, бизнис секторот, а воспитувањето и образованието ги става во фокусот на заедницата. Ваквите партнерства промовираат размена на информации и ресурси за помош на децата и семејствата. Секако истите водат и кон промоција на училиштето во локалната заедница и пошироко. Општествените организации можат да понудат културни, рекреативни и воннаставни содржини, што ќе го збогатат животот на децата. Во постигнување на својата општа цел и посебните воспитно – образовни цели, училиштето има воспоставено континуирана соработка со повеке невладини организации: Сојуз на слепи лица на Република Северна Македонија, Општински здруженија на слепи лица, Сојуз на жени на Град Скопје, Вешта жена, Отворете ги прозорците, Лајонс клубовите, Ротари клуб, USAID. Училиштето соработува и со бројни хуманитарни организзации и фондации. Посебно за

	истакнување е сорботката меѓу нашето училиште и Црвениот крст на Град Скопје и Црвениот крст на Република Северна Македонија како хуманитарни организации со кои имаме потпишано и Меморандум за соработка. Дел од активностите на нашето училиште реализирани во учебните 2020/2021 и 2021/2022 во соработка со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор: октомври 2020 - Center for Youth Activism KRIK во партнерство до Y-PEER Macedonia, а поддржани од UNFPA MK, имплементираа забавни и креативни работилници кои имаат за цел да одговорат на потребите на младите лица со попреченост, за време на КОВИД-19. 13.10.-15.10.2020 – училиштето како партнер на Еразмус+ проект, заедно со училиштето Skola “Veljko Ramadanovic”, Zemun, Centar “Iris”, Slovenia и Institute “Ritmaer”, Italy, одржаа транснационален онлајн состанок на кој се дискутираше за активностите во рамките на проектот. Главна цел е подобрување на знаењата на наставниците. 19.10.-23.10.2020 – Во рамките на Еразмус+ проектот, во тој период се одржаа обуки за тоа како треба да се пристапи при едукација на учениците со оштетен вид по конкретни предмети. 19.11.2020 – наша ученичка, преку младинските организации Go green – Биди зелен и Center for youth Activism KRIK учествуваа на работилница. Преку оваа работилница се поттикнува младинската работа и волонтерството. 1.12.2020 - се одржа online English club на која учествуваа млади лица од училиштето "Димитар Влахов" и младински работници од Center for Youth Activism KRIK / КРИК. Работилницата беше водена од European Solidarity Corpus волонтер. 3.12.2020 – во соработка со Филозофскиот факултет, ученици од нашето училиште учествуваа во одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост. 18.3.2021 – се одржа координатвна расправа со Националното координативно тело за

	имплементација на конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост при Владата на Република Северна Македонија, по однос на потребата, условите, моделот и периодот на трансформација на нашето училиште согласно инклузивните политики. На расправата присуствуваа и претставници од Министерството за образование и наука и Институтот за специјална едукација и рехабилитација. 22.4.2021 – во соработка со Институтот за специјална едукација, Филозофскиот факултет – Скопје и Центарот за лица со оштетен вид од Сараево, се одржа предавање и практични вежби по ориентација и мобилност. 21.5.2021 – средба со претставници од Ресурсниот центар за лица со оштетен вид во Печ, Косово. јуни 2021 – во организација на здружението “Види ме”, дел од нашите ученици имаа можност да посетуваат часови по пливање. Проект финансиран и поддржан од Град Скопје. 9.6.2021 – во рамките на проектот “Балкански ВИП натпревар” се одржа музички натпревар во соработка со Хрватска, Босна и Херцеговина, Косово, Словенија и Србија. 15.6.2021 – учество на ученици од нашето училиште на меѓународен фолклорен фестивал во организација на невладината организација Ese. 16.6.2021 – учество на меѓународна конференција “Животот на лицата со оштетен вид – поддршка и доверба”, организирана од Vitezovi osmeha. 29.8-31.8.2021 – присуство и соработка на транснационален состанок во Истанбул, Турција за Еразмус+ проект со партнери од Турција, Полска и Грција. 25.9.2021 – ученици од нашето училиште земаа учество со музички точки на фестивалот на невладини организации, реализиран под покровителство на Цивика мобилитас. 26.9.2021 – работилница во рамки на проектот “Допирот” во соработка со Национална

	галерија и училиштето “Партениј Зографски”. 4.10.2021 – посета на наши ученици на Музејот на македонската борба – Скопје 3.10-7.10.2021 – посета на универзитетот во Малага, Шпанија како дел од интернационалниот состанок за Еразмус+ проект “Дигитална библиотека”, заедно со партнери од Грција, Романија, Узбекистан и Шпанија. 11.10-15.10.2021 – двајца специјални едукатори од нашата институција учествуваа на тренинг курс во Порто, организиран од Португалска организација, а партнерски поддржан од Институтот за развој на заедницата. 16.10.2021 – учество на двајца наши ученици со музичка точка во Даут Пашин амам по повод доделување награди за најдобра литературна творба на конкурсот “Направи со мене, а не за мене”, во организација на ОУРЦ Иднина – Скопје, а под покровителство на Министерство за култура на Република Северна Македонија. 3.12.2021 – Наши ученици имаа музички настап со изведба на неколку композиции во ОУ Невена Георгиева – Дуња по повод Денот на лицата со попреченост. 25.12.2021 – учество на наши ученици со музички точки на новогодишниот базар во трговскиот центар Рамстор. 4.2.2022 – учество на промотивен настан за програмата Super schools, поддржана од RYCO – Regional Youth Cooperation Office. 2.3.2022 – координациска средба со Директорот и група професори од Yahya Kemal College – Скопје за идни заеднички активности. 3.3.2022 – посета од студенти од Еколошкото друштво на биолози по повод меѓународниот ден на дивите животни кои одржаа едукативно предавање за водоземци, влечуги и птици. 4.3.2022 – информативна работилница од страна на Филозофскиот факултет на која на

	нашите ученици им беа презентирани и подарени повеќе од 20 3D артефакти. 10.3.2022 - тркалезна маса на тема „Пристапно образование за младите со попреченост“ во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер. Главен фокус на настанот беше ставен на презентација на предизвици и препораки од учениците од Клубовите за демократско учество во ДУЦОР „Партенија Зографски“ и ДУРДМОВ „Димитар Влахов“, како и дискусијата со претставниците на државните институции и граѓански организации 14.3-19.3.2022 – наставници и ученик од нашето училиште учествуваа на тренинг активности во Васто, Италија во рамките на Еразмус+ проект “My biggest dream-better world”, заедно со претставници од Турција, Португалија, Романија, Бугарија, Грција, Италија и Литванија. 24.3.2022 – учество на турнир во “Goal Ball”- за слепи и слабовидни лица со два клуба од Солун, Грција, во организација на ЛК Св. Пантелејмон – Скопје. 3.5-7.5.2022 - Директорот и пет наставници од нашето училиште учествуваа на состанок и тренинг курс во Шпанија во рамките на Еразмус+ проектот СТЕМ со ученици со оштетен вид. 10.5.2022 – по повод 8 Мај, Светскиот ден на Црвениот крст, во нашето училиште, претставник од ЦК на Град Скопје одржа предавање за формирањето и функционирањето на Црвениот Крст. 9.5.-13.5.2022 – наставници и ученик учествуваа на тренинг активности во Вилнус, Литванија во рамките на Ераёзмус+ проектот “My biggest dream-better word”. 2.6.2022 – размена на ученици, поддржана од ГИЗ и Европска унија, а реализирана преку РИКО програмата за супер училишта, имавме можност да реализираме обука за интеркултурен дијалог, градење мир и соочување со минатото.

	3.6.2022 - со нашите партнери од Сараево JU Centar za slijepu i slabovidnu djecu i omladinu - CZSD го посетивме Филозофски факултет - Скопје каде имавме прилика да зборуваме за социјалната инклузија на лицата со оштетен вид, за пристапноста на факултетот за лицата со попреченост, воедно го посетивме и нивниот археолошки музеј и имавме можност да се запознаеме со 3Д изработени артефакти. 7.6.2022 – Посета и соработка со Делегацијата на Европската унија во Скопје, по повод проектот на Regional Youth Cooperation Office - RYCO ,,Супер училишта" кој има за цел да поттикне култура на соработка, толеранција, меѓукултурен дијалог и еднакви шанси за сите млади луѓе. Сето ова придонесува до продлабочување на соработката помеѓу учениците, наставниците, училиштата и локалните заедници. 6.6.-10.6.2022 - наставници од нашето училиште присуствуваа на транснационален состанок и тренинг курс во Словенија во рамките на Еразмус+ проектот Borders of tangible - Erasmus+ project. Реализирајќи ја програмата на "Тимот за грижа на здравјето на учениците и наставниците", во текот на учебната година училиштето остварува соработка со здравствени организации меѓу кои: Фондот за здравство, Центарот за социјални грижи, Центарот за јавно здравје – Скопје, Здравствениот дом ,,Јане Сандански", Осигурителни компани.

Анализа на резултатите		
Анкета за родители	- Работна група на Подрачје 5 - Родители	**Анкета за родители** Беа анкетирани 20 родители на ученици од основното и средното училиште. Во продолжение следуваат резултатите од анкетата. 20% од анкетираните се од машки пол, а 80% од женски. 55% од анкетираните се од македонска националност, 45% од албанска. 50% од анкетираните се на возраст од 30-40 години, 50% од 40-50, од 50-60 нема, а исто така и над 60 години нема. 70% се со завршено средно образование, 20% со основно, 10% се завршено високо образование. 1. **Наставниците ги почитуваат индивидуалните потешкотии и потреби на моето дете** 85% проценти од родителите се задоволни од односот на наставниците кон индивидуалните потреби на нивното дете, 15% се делумно задоволни, нема родители кои дале негативен одговор на ова прашање. 2. **Сметам дека угледот/ имиџот на училиштето е прилично висок** 70% од родителите потполно се сложуваат дека угледот на училиштето е прилично висок, 25% сметаат дека тоа е делумно, 5% сметаат дека угледот на училиштето не е на високо ниво. 3. **Моето дете има можност да учествува во различни проекти** 70% од родителите одговориле дека нивното дете има можност да учествува во различни проекти, 20% сметаат дека тоа е делумно,

		10% сметаат дека тоа се случува понекогаш. **4.На моето дете му се допаѓа училиштето** 100% од родителите сметаат дека на нивното дете му се допаѓа училиштето **5. Националните, верските, етничките, културните, јазичните и половите разлики и разликите по основа на специфичните потреби се прифаќаат, уважуваат и негуваат** 85% од родителите сметаат дека националните, верските, етничките, културните, јазичните и половите разлики се прифаќат, уважуваат и негуваат, 10% сметаат дека тоа делумно се случува, 5% од родителите одговориле дека тоа се случува понекогаш. **6. Моето дете е доволно безбедно во училиштето** 70% од родителите сметаат дека нивното дете е безбедно во училиштето, 20% сметаат дека нивните деца се делумно безбедни, 5% од родителите сметаат дека нивното дете не е доволно безбедно во училиштето, 5% сметаат дека нивното дете не е безбедно во училиштето. **7. Постои ефективна соработка меѓу наставниците и родителите** 85% од родителите сметаат дека постои ефективна соработка меѓу наставниците и родителите, 15% сметаат дека тоа е делумно. **8. Моето дете се дружи со ученици од различни националности** 85% од родителите одговориле дека нивното дете се дружи со ученици од другите националности, 15% одговориле дека тоа се случува често. **9. Учествувам во донесување на одлуки важни за развивање на училиштето и негова афирмација**

		25% од родителите потврдуваат дека се консултирани при донесувањето на одлуки важни за училиштето, 30% сметаат дека тоа е понекогаш, 45% одговориле дека ретко учествуваат во донесувањето на одлуките. **10. Училиштето презема постапки со кои подеднакво ги застапува интересите на сите ученици, без оглед на етничката, родовата, социјалната припадност** 60% од родителите сметаат дека училиштето превзема постапки со кои подеднакво ги застапува сите ученици, без оглед на етничката, родовата и социјална припадност, 30% сметаат дека тоа не е доволно, 10% сметаат дека тоа се случува понекогаш. **11. Наставниците го поттикнуваат моето дете да созрева и да биде самостојно** 90% од родителите сметаат дека наставниците се значаен дел од процесот на созревање и осамостојување на нивното дете, 10% сметаат дека тоа е делумно. **12. Наставниците се однесуваат кон учениците праведно и етички** 100% од родителите сметаат дека третманот на учениците е праведен и етички. 13. **Последното прашање беше во насока на дополнителни коментари во врска со самиот прашалник** 10% од испитаниците напишаа: ”Редовни патни трошкови”, 90% се искажаа дека немаат дополнителни прашања и коментари.
	- работна група на Подрачје 5	**Анкета за ученици**

Анкета за ученици	- ученици	Беа анкетирани 20 ученици од основното и средното училиште. Во продолжение следуваат резултатите од анкетата. 45% од анкетираните се од машки пол, а 55% од женски. 75% од анкетираните се од македонска националност, 20% од албанска и 5% од бошњачка. 50% од учениците се од основно училиште, а 50% од средно. **1. Наставниците ги почитуваат индивидуалните потешкотии и потреби на учениците** 75% од учениците се сосема задоволни од односот на наставниците кон нивните индивидуалните потреби, 25% се делумно задоволни. **2. Сметам дека угледот/имиџот на училиштето е прилично висок** 90% од учениците потполно се сложуваат дека угледот на училиштето е прилично висок, 5% сметаат дека тоа е делумно, 5% тоа е понекогаш. 3**. Запознаен/а сум со кодексот на однесување и куќниот ред во училиштето** 95% од учениците се запознаени со кодексот на однесување и куќниот ред на училиштето , 5% делумно се запознаени. **4 .Наставниците се однесуваат кон сите ученици праведно и етички** 90% од учениците се изјаснија дека наставниците се однесуваат кон сите ученици праведно и етички, 10% мислат дека тоа е делумно. **5. Ми се допаѓа што учам во ова училиште** 85% од учениците се изјаснија дека им се допаѓа што учат во ова

		училиште, 10% мислат дека тоа е делумно, 5% понекогаш. **6. Задоволен/а сум од односот на наставниците кон учениците** 75% од учениците се задоволни од односот на наставниците кон нив, 25% се искажаа дека тоа е делумно **7. Се чувствувам безбедно во училиштето** 90% од учениците се изјасниле дека во училиштето се чувствуваат безбедно, 5% се чувствуваат делумно безбедно, 5% понекогаш се чувствуваат безбедно. **8. Се дружам со сите ученици без разлика на пол, возраст и етничка припадност** 95% од учениците се искажале дека се дружат со сите ученици без разлика на пол, возраст и етничка припадност, 5% сметаат дека тоа често се случува **9. Учествувам во донесување на одлуки важни за развивање на училиштето и негова афирмација** 60% од учениците се искажале дека учествуваат во донесување на одлуки важни за развивање на училиштето и негова афирмација, 15% сметаат дека тоа им се случува често, 15% сметаат дека тоа се случува понекогаш **10. Учествувам во училишни активности: приредби, натпревари, промоции и слично** 50% од учениците учествуваат во училишни активности-приредби, промоции, натпревари, 35% сметаат дека тоа е често, 15%

		ретко се случува. **11. Задоволен сум од изгледот и искористеноста на училишниот двор за потребите на учениците** 70% од учениците се задоволни од изгледот и искористеноста на училишниот двор, 25% се делумно задоволни, 5% се задоволни понекогаш. **12. Досега сум бил/а награден/а од училиштето за моите активности** 70% од учениците биле наградувани од училиштето за нивните активности, 15% биле наградувани често, 15% биле наградувани понекогаш. 13. **Последното прашање беше во насока на дополнителни коментари во врска со самиот прашалник**, Еден испитаник имаше напишано коментар: “Понекогаш се вработуваат лица кои немаат трпение за работа со деца со посебни потреби.”
Анкета за наставници	работна група на Подрачје 5 наставници	**Подрачје 5 Училишна клима** Анкетирани се 20 наставници од македонска националност. Во продолжение следуваат резултатите од анкетата. **1. Моето училиште е препознатливо според одличен квалитет на работење и постигнувањата на учениците, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето.** 90% од наставниците сметаат дека нашето училиште е препознатливо по квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области како и остварување на визијата и мисијата на училиштето , 10% сметаат дека тоа е делумно.

		2. Сметам дека угледот/имиџот на училиштето е прилично висок 75% од наставниците сметаат дека угледот на училиштето е висок, 25% сметаат дека тоа е делумно. **3. Наставниците се однесуваат кон учениците праведно и етички** 95% од наставниците се искажа дека подеднакво се однесуваат сите ученици во текот на наставата, воннаставните активности и слободното време и се промовираат темелните вредности на еднаквост и правичност , 5% се искажаа дека тоа е делумно. **4.Учениците добро се однесуваат кон наставниците** 90% од наставниците се искажаа дека во училиштето постои взаемна почит помеѓу наставниците и учениците како во наставните така и во воннаставните активности, 10% сметаат дека тоа е делумно. **5. Националните, верските, етничките, културните, јазичните и половите разлики и разликите по основ на специфичните потреби се прифаќаат, уважуваат и негуваат.** 95% од наставниците сметаат дека во училиштето коешто е само по себе мултиетничко ги организира сите наставни, воннаставни активности со вклученост на ученици од сите етнички заедници од 1 до 9 одделени и од прва до четврта година во средното образование, 5% сметаат дека тоа е често. **6. Директорот ја почитува мојата личност и моите потреби** 100% од наставниците сметаат дека директорот ја почитува нивната личност и потреби. **7. На наставниците им се допаѓа работата во ова училиште** Според анкетата на 85% од наставниците им се допаѓа работата во нашето училиште, на 15% понекогаш им се допаѓа работата во училиштето. **8. Наставниците од мојот колектив взаемно се почитуваат и меѓусебно соработуваат** 55% од наставниците сметаат дека взаемно се почитуваат и

		соработуваат, 45% сметаат дека тоа е делумно. **9. Училиштето превзема постапки со кои подеднакво ги застапува интересите на сите ученици, без оглед на етничката, родовата, социјалната припадност** 100% од наставниците сметаат дека преку постојани активности се подобрува соработката помеѓу учениците и наставниците од различна етничка припадност и се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање и почитување како и прифаќање на културата и обичаите на другите етнички заедници. **10. Менаџментот на училиштето влијае врз создавањето на добра клима во училиштето** 85% од наставниците сметаат дека менаџментот на училиштето влијае врз создавање на добра клима во училиштето, за 10% сметаат дека има делумно влијание, 5% има влијание понекогаш. **11. Сите наставници во училиштето се третираат правично и еднакво** 75% од наставниците сметаат дека сите наставници се третираат правично и еднакво, за 25% тоа е делумно. **12. Родителите се заинтересирани за соработка со наставниците** 90% од наставниците се изјаснија дека дека родителите се заинтересирани за соработка со нив, 5% сметаат дека се делумно зантересирани 5% сметаат дека тоа е понекогаш. **13. Дали имате нешто дополнително да додадете што не е опфатено со прашањата?** На ова прашање немаше коментар.
Наведете ги другите методи	**Учество:** **Кој беше вклучен во собирање**	**Анализа на клучни прашања и одговори од собраните информации:**

и техники кои се користени за собирање на податоци	**на овие информации**	
	Работна група на Подрачје 5 – Интервју со психолог – Интервју со дефектолог	**Интервју со стручната служба** Прашања • **Дали постои ефективна комуникација меѓу раководството и наставниците?** • **Дали сметате дека угледот/имиџот на училиштето е прилично висок?** • **Дали односот на наставниците кон учениците е праведен етички?** • **Дали наставниците и стручната служба учествуваат во донесувањето на значајни одлуки?** • **Кава е Вашата соработка со родителите?** • **Каква е вашата соработка со наставниците?** • **Каква е поддршката за наставниците кои се соочуваат со потешкотии на нивните часови?**

		• **Каво е влијанието на менаџментот врз создавањето на добра клима во училиштето?** • **Што најмногу Ви се допаѓа во училиштето,а што не Ви се допаѓа?** • **Во колкава мера се уважуваат, прифаќаат и негуваат националните, верските , етничките, културните, јазичните и половите разлики и разликите по основ на специфичните потреби?** Психологот и дефектологот при стручната служба во училиштето по однос на поставените прашања се искажаа: - Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојана добра атмосфера во училиштето и соработката е во континуитет конструктивна, со размена на мислења во сите полиња од наставно образовниот процес. Соработката со директорот на училиштето е постојана и се реализира преку размена на информации со цел разрешување на прашања од сите полиња на работа на училиштето. - Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија и имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Угледот се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни воннаставни активности. - Учествуваме во изготвување на норми и материјали за етичност на

		наставниците, родителите и учениците со што придонесуваме кон растот на реномето на нашето училиште . - Комуникацијата помеѓу стручна служба и наставниот кадар е на задоволително ниво и активно се учествува во донесување на значајни одлуки. - Соработката со родителите се одвива со обострано уважување помеѓу сите страни инволвирани во наставниот процес . - Постои професионална и ефективна соработка помеѓу стручната служба и наставниот кадар. - Наставниците се обраќаат за помош и совет за тековните проблеми во извршувањето на наставата и континуирано се вршат размена на искуства, идеи и информации при планирањето. Се поттикнуваат наставниците да воведуваат нови идеи. Стручна служба секогаш излегува во пресрет на младите колеги за проблемите што ги среќаваат во наставата и им се дава потребната помош (менторства, ученици со посебни образовни потреби). Постојат редовни дискусии за реализација на целите и задачите во образованието, користење на различни методи. - Наставниците се мотивираат преку индивидуални и групни советодавни разговори со стручната служба за вклучување во работа на најразлични прокети, што придонесува во нивниот кариерен развој. - Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи на релација „наставник – ученик“, „наставник – родител“ и

		„ученик – ученик“. Во донесувањето одлуки за училиштето учествуваат и имаат влијание директорот, наставниците, стручните соработници, родителите и другиот кадар. - Во иднина предлагаме да се обезбедат повеќе финансиски средства за набавка на соодветен нагледен материјал (машини за пишување на браево писмо и соодветни учебници). - Во училиштето кое само по себе е мултиетничко во кое учат и коегзистираат 24 часа во текот на денот ученици од различни етнички заедници се гради атмосфера на прифаќање на различностите, културата и обичаите на сите етнички групи . Сите се третираат подеднакво, се почитуваат меѓусебе .

10. ПОДРАЧЈЕ 6: РЕСУРСИ

Оддели во рамките на подрачјето

6.1. Сместување и просторни капацитети

- Општи податоци за училиштето
- Просторни услови
- Искористеност на просторните капацитети

6.2. Наставни средства и материјли

- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала
- Училишна библиотека
- Потрошен материјал
- Училишна реална или виртуелна компанија
- Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати

6.3. Обезбедување на потребниот наставнички кадар

- Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
- Ефективност и распоредување на кадарот
- Стручни соработници како поддршка на наставниот кадар

6.4.Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар

- Професионален и кариерен развој на наставниците

6.5. Финансиско работење во училиштето

- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

6.1. Сместување и просторни капацитети

Општи податоци за училиштето

Име на училиштето	Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“
Адреса, општина, место	Ул. „Народни Херои“ бр.8 - Скопје
Телефон	02/2779 – 532 02/2779 - 537
Факс	02/2779 - 537
E-mail	dvlahov_braj@yahoo.com
Основано од	Извршен совет на Р.Македонија/ решение бр.09-1687/1 од 21.07.1962
Верификација- број на акт	10-1507/3 од 13.10.1993
Година на верификација	13.10.1993
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик
Година на изградба	1962
Тип на градба	тврда градба
Површина на објектот	1740 m²
Површина на училишниот двор	25 400 m²
Површина на спортски терени и игралишта	820 m²
Училиштето работи во смена	24 часа (прва, втора и трета смена)
Начин на загревање на училиштето	централно
Број на одделенија	/
Број на паралелки	10 (основно) и 8 (средно)
Број на смени	Наставата се изведува само во прва смена

Просторни услови

Вкупен број на училишни згради	5

Училиштен двор	да
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	/
Нето површина	/
Број на спортски терени	1
Број на катови	1
Број на училници	6 универзални и 8 специјални училишни кабинети
Број на помошни простории	/
Училишна библиотека	1
Начин на загревање на училиштето	централно

6.2. Наставни средства и материјали

Училишна библиотека

Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала

Училишната библиотека при ДУРДМОВ ,,Димитар Влахов" – Скопје, располага со голем број на книги од сите жарнови, стручна литература за наставниците, билтени, списанија и енциклопедии. Училиштето располага со разновидна литература и наставни средства, на видно и на брајово писмо.

Библиотекарска база на податоци достапна на сите наставници.

Според евиденцијата училиштето располага со книги со еколошка содржина, лектири, стручна литература, енциклопедии, проза, поезија и др.

Училишната библиотека располага со литература на сите јазици кои се изучуваат. Исто така се располага и со мултикултурна литература.

Библиотеката работи секој ден, а во неа работи библиотекар со цел достапност на книгите и материјалите од библиотеката

за потребите на учениците и наставниците.

Библиотекарот води уредна евиденција, редовно се обновува и снабдува библиотеката со нови книги како на видно така и на брајово писмо според потребите.

6.3. Обезбедување на потребниот наставнички кадар

Интервју со директор, ппс, администрација **Годишна програма за работа на училиштето** **Правилник за систематизација** **Досија на вработените** **Програма за работа на стручната служба**	**Број на вработени и соодветност на наставничкиот кадар-администрација** Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остварува соодветниот воспитно - образовен кадар кој со својата работа, стручна способност, искуство, внесување нови методи стратегии и техники на работа во наставата придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста. Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Работата на наставничкиот кадар соодветно е поддржана од страна на административно-техничкиот персонал. Во училиштето се води евиденција за присутноста на наставниот кадар од страна на директорот и стручните служби. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж. **Ефективност и распоредување на кадарот-директор** Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставниот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, работното искуство и професионалниот развој. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена. **Стручната служба како поддршка на наставничкиот кадар-ппс**

	Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Во рамките на работата на стручните активи, ППС и наставниците соработуваат во: - реализација на отворените часови - во планирање (педагошко досие) на наставата - во комуникација ученик – наставник –родител (советодавно- консултативна и инструктивна работа). Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Во основа на дејноста на ППС е советодавна работа со учениците- во текот на целата учебна година, за што се води писмена евиденција. Училиштето со ангажирање на дефектолог обезбедува поддршка на наставничкиот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби – Дефектологот, ППС и дел од наставниците го сочинуваат Тимот за инклузија.

6.4.Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар

Интерни акти; **Разговори со стручната служба, наставниците и со директорот;** **Програма за професионален развој на наставничкиот кадар;**	Во рамките на Планот за развој на училиштето и Годишната програма на директорот и стручната служба училиштето предвидува поддршка за професионален развој на секој наставник со тоа што овозможува учество на семинари, работилници, обуки и слично. Училиштето има програма за обезбедување на професионалниот развој базирана на детектираните потреби на наставниците (вклучувајќи и менторство). Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби, Еразмус+ програмата мултикултура итн. Во училиштето постои Тим за професионален развој кој покрај директорот и стручната служба активно работи во сферата на професионалното усовршување на персоналот. Тимот за професионален развој повремено се состанува и ги разгледува потребите за професионален развој, можностите на вработените за усовршување, потребите и можностите за

Професионално досие на наставник/стручен соработник; **Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот;**	сертификација. Професионалниот развој на наставниците, стручната служба и директорот и понатаму ќе бидат во преден план. Училиштето има изготвено процедура за професионален развој и стручно усовршување на вработените со која се следат резултатите и постигнувањата на наставниците според однапред усвоени протоколи, интерни процедури за следење на наставата и упатство за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставникот и стручните соработници. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. Наставниците приправници се менторирани од способни и квалитетни ментори - наставници со одлични комуникациски вештини, стручност и компетентност. Менторите изработуваат програма за работа со приправникот. Менторот врши посета на часови на менторираниот, а исто така и менторираниот врши посета на часови кај менторот. Менторот го запознава менторираниот како се води целокупната педагошка евиденција. Менторот и менторираниот изработуваат годишни тематски процесни планирања. Директорот секоја година води развојни интервјуа со вработените со кои се утврдуваат професионалните намери, интереси и потенцијали на вработените како и нивните потешкотии во работата и потребите за професионално усовршување.

6.5. Финансиско работење во училиштето

Финансиски план, развоен план/ програма и годишната програма за работа; **Записници од разговори со директорот /наставниците,**	Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се законски, во согласност со законските норми. Раководниот кадар (Директорот на училиштето) ги знае механизмите што може да се искористат за дополнително финансирање, така што сите собрани средства по било кој законски основ се собираат од страна на родители, кои прават записник за евидентирање на средствата. Средствата се плаќаат на добавувачот со фактура или фискална сметка, а провизијата се упатува на сопствената сметка на училиштето. Набавките во училиштето се извршуваат според Правилникот за мали набавки и Законот за јавни набавки до 500 евра кој се спроведува со најмалку три понуди на економски оператори. Сите набавки ги спроведува комисија која е формирана од Директорот и тоа во состав од три члена: претседател и двајца членови. За секоја набавка Директорот назначува нова комисија. За поголеми работи или услуги над 500 евра, се објавува тендер пропишан со Законот за јавни набавки. Таква поголема набавка е замена на прозорците низ сите простории во училниците и

УО; **Записници и одлуките на УО;** **Записници од разговорите со Советот на родители и ученичката заедница;** **Склучени договори, тендери за јавни набавки; понуди;** **Програма на ученичката заедница;** **Финансиски извештај**	кабинетите и целосно опремување на Медиотека за одделенска настава. Извршено е целосно реконструирање на соблекувалните во спортската сала и изградба на потпорен ѕид за спречување одрон на спортските терени. Направена е целосна замена на светилките со штедливи сијалици. Финансиските активности и финансиската состојба на училиштето е во рамките на законските прописи и буџетското работење. Буџетот на училиштето е презентиран пред Училишниот одбор еднаш месечно како и во вид на годишен извештај односно годишна пресметка. Училишниот одбор постојано ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Сите средства кои пристигнуваат на општинската или сопствената сметка на училиштето рационално и наменски се трошат, со цел да се обезбеди ефикасност и економичност во распределувањето на финансиите. Секогаш приоритет се неопходните потреби и подобрувањата на квалитетот на наставата како на пример: купување на наставни средства и помагала со кои учениците ќе имаат поквалитетно образование. Кабинетот по музичко образование е опремен со нови музички инструменти. Со тоа средствата се користат за креативни цели што се наменети за подобрување на квалитетот на наставата и учењето во училиштето.

Резултати од анкетирани родители

*анкетирани беа 21 родител

1. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и континуирано ги обновува за да соодвестуваат на современите наставни текови.	
Се согласувам	**21**
Делумно се согласувам	**/**
Не се согласувам	**/**

Во однос на прашањето дали училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала и дали континуирно ги обновува за да соодвестуваат на современите наставни текови, имаме целосно согласување од страна на анкетираните родителите.

2. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.	
Се согласувам	**17**
Делумно се согласувам	**4**
Не се согласувам	**/**

Поголемиот број од родителите се согласуваат дека настаниците и учениците се запознаени кои наставни средства и материјали им се на располагање и дека истите може ефикасно и ефективно да ги користат во наставата, помал број делумно се согласуваат со истото.

3. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ.	
Се согласувам	**16**
Делумно се согласувам	**5**
Не се согласувам	**/**

Во однос на збогатувањето на наставата со планирано користење на ИКТ , поголем дел од родителите се соглсуваат, додека има мал дел кои делумно се согласуваат со фактот дека се користи планирано ИКТ.

4. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.	
Се согласувам	**15**
Делумно се согласувам	**6**
Не се согласувам	**/**

По прашањето дали наставниците и учениците имаат пристап до интернет имаме поголем дел кои се согласуваат и мал дел кои делумно се согласуваат.

5. Училишниот простор, вклучувајќи ја и салата за физичко образование и училишниот двор, ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот.	
Се согласувам	21
Делумно се согласувам	/
Не се согласувам	/

Во однос на исполнување на условите за изведување на наставата имаме целосно согласување од страна на родителите.

6. Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности со учениците.	
Се согласувам	20
Делумно се согласувам	1
Не се согласувам	/

Во најголем број имаме согласување дека постојат ергономски и пријатни услови за одвивање на работата на настваничкиот кадар и за организирање на воннаставни активности со учениците и еден одговор на делумно согласување.

Во поглед на големината на училниците и бројот на ученици во паралелките имаме најголем број дека соодвествуваат и еден одговор дека делумно се согласуваат во однос на соодвествувањето.

7. Големината на училниците соодвестува на бројот на учениците во паралелките.	
Се согласувам	20
Делумно се согласувам	1
Не се согласувам	/

8. Во училиштето има училишни работилници за практична обука на учениците. (кабинет за техничко образование, хемија, математика, информатика...)	
Се согласувам	20
Делумно се согласувам	1
Не се согласувам	/

Во однос на прашањето дали постојат училишни работилници за практична обука на учениците најголем дел од родителите се согласуваат и еден има делумна согласност.

Целосно согласување има во однос на прашањето за пристапнста на училишната зграда и просторот за сите

9. Училишната зграда и простор се пристапни за сите.	
Се согласувам	21
Делумно се согласувам	/
Не се согласувам	/

10. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.	
Се согласувам	20
Делумно се согласувам	1
Не се согласувам	/

Најголем број од родителите се согласуваат дека училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата.

Резултати од анкетирани ученици

*анкетирани беа 15 ученици

1. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и континуирано ги обновува за да соодвестуваат на современите наставни текови.	
Се согласувам	**8**
Делумно се согласувам	**6**
Не се согласувам	**1**

Повеќе од половина од учениците се согласуваат дека училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала и соодвестува со најсовремени наставни текови , во помал број делумно се согласуваат со истото и во најмал број не се согласуваат со истото.

2. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.	
Се согласувам	**10**
Делумно се согласувам	**5**
Не се согласувам	**/**

Најголем број од учениците се согласуваат дека наставниците и учениците знаат кои наставни средства и помагала им се на располагање , во помал број делумно се согласуваат за истото и нема ученици што не се согласуваат со истото.

3. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ.

Се согласувам	**10**
Делумно се согласувам	**5**
Не се согласувам	**/**

Повеќето од учениците се согласуваат дека учењето и наставата се збогатени преку користење на ИКТ , во помал број од учениците делумно се согласуваат и нема ученици што не се согласуваат.

4. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Се согласувам	**12**
Делумно се согласувам	**3**
Не се согласувам	**/**

Во најголем број од учениците се согласуваат дека учениците и наставниците имаат пристап до интернет, во најмал број делумно се согласуваат и нема ученици што не се согласуваат со истото.

5. Училишниот простор, вклучувајќи ја и салата за физичко образование и училишниот двор, ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот.	
Се согласувам	**10**
Делумно се согласувам	**5**
Не се согласувам	**/**

Повеќето од учениците се согласуваат дека училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот , во помал број делумно се согласуваат со истото и нема ученици што не се согласуваат.

6. Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности со учениците.	
Се согласувам	**11**
Делумно се согласувам	**4**
Не се согласувам	**/**

Во голем број од учениците се согласуваат дека има пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар , многу мал број од учениците делумно се согласуваат со истото и нема ученици што не се согласуваат.

7. Големината на училниците соодвестува на бројот на учениците во паралелките.	
Се согласувам	13
Делумно се согласувам	2
Не се согласувам	/

Во најголем дел од учениците се согласуваат дека големината на училниците соодвестува со бројот на ученици во паралелките, во многу мал број делумно се согласуваат со истото и нема ученици што не се согласуваат.

8. Во училиштето има училишни работилници за практична обука на учениците. (кабинет за техничко образование, хемија, математика, информатика...)	
Се согласувам	10
Делумно се согласувам	5
Не се согласувам	/

Повеќето од учениците се согласуваат дека има училишни работилници за практична работа , во многу мал број делумно се согласуваат со истото и нема ученици што не се согласуваат .

9. Училишната зграда и простор се пристапни за сите.	
Се согласувам	9
Делумно се согласувам	5
Не се согласувам	1

Повеќето од учениците се согласуваат со дека училнишната зграда и простор се пристапни за сите , во помал број делумно се согласуваат со истото и во најмал број ученици не се согласуваат.

10. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.	
Се согласувам	11
Делумно се согласувам	4
Не се согласувам	/

Најголем дел од учениците се согласуваат дека училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата , многу мал број на ученици делумно се согласуваат со истото и нема ученици што не се согласуваат.

Резултати од анкетирни наставници

*анкетирани беа 26 наставници

1. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и континуирано ги обновува за да соодвестуваат на современите наставни текови.	
Се согласувам	**21**
Делумно се согласувам	**/**
Не се согласувам	**/**

Сите анкетирани наставници се согласуваат дека училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала и дека континуирано ги обновува за да соодвестуваат на современите наставни текови.

2. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.	
Се согласувам	**17**
Делумно се согласувам	**4**
Не се согласувам	**/**

Најголем број од анкетираните наставници се согласуваат дека наставниците и учениците знаат кои наставни средства и матријали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето, и многу мал дел од нив делумно се согласуваат со истото, нема наставници кои не се согласуваат.

Повеќе од анкетираните наставници сметаат дека учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ, помал процент делумно се согласуваат.

3. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ.	
Се согласувам	16
Делумно се согласувам	5
Не се согласувам	/

